

# Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030

Скопје, декември 2023 година


german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА



Оваа публикација е поддржана од Регионалниот проект за социјално вклучување на ранливите групи на Западен Балкан финансирана од страна на Федералното министерство за економска соработка и развој (БМЗ), а имплементирана од страна на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

Анализата и резултатите во оваа публикација ги претставуваат мислењата на авторот/ите и не ги претставуваат задолжително ставовите на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).



# Содржина


1. ВОВЕД ... 6

1.1. Резиме на областите на политиките опфатени со Стратегијата и клучните правци на делување ... 8

1.2 Основ на обврска за подготвување и предлагање на стратегијата ... 12

1.3. Усогласеност со други стратешки документи ... 13

1.4. Методолошки пристап во подготвувањето на стратегијата ... 15

1.5. Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на стратегијата ... 18

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ... 22

2.1 Анализа на актуелната состојба, проблемите и предизвиците во приоритетните области ... 22

2.2. СВОТ анализа ... 29

2.3 Резултати од спроведувањето на претходна стратегија и поврзани стратегии ... 30

3. СТРАТЕШКА РАМКА ... 31

3.1. Визија ... 31

3.2 Приоритетни области, резиме на политиките, општи, посебни цели и мерки во секоја од приоритетни области ... 32

**Приоритетна област 1:**
ПРИСТАПНОСТ ... 32

**Приоритетна област 2:**
ЕДНАКВОСТ, ПРИСТАП ДО ПРАВДА И АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ЈАВНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ..... 36
**Приоритетна област 3:**
ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ..... 42
**Приоритетна област 4:**
ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НЕЗАВИСНО ЖИВЕЕЊЕ ..... 46
**Приоритетна област 5:**
ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ ..... 50
**Приоритетна област 6:**
ВРАБОТУВАЊЕ И ПРАВО НА РАБОТА ..... 54
**Приоритетна област 7:**
ЛОКАЛНИ ИНКЛУЗИВНИ ЗАЕДНИЦИ ..... 58
**Приоритетна област 8:**
ЈАВНА СВЕСТ ..... 62
**Приоритетна област 9:**
КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ..... 66

**4. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ..... 69**
4.1. Механизми за координација ..... 69
4.2. Постапка и динамика на известување и оценување ..... 71

**5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ..... 73**
5.1. Утврдени ризици и мерки за справување со ризиците ..... 73
5.2. Начин на ревидирање на акцискиот план ..... 75

# Вовед

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост за периодот 2023-2030 година е мултисекторски стратешки документ подготвен во широк партиципативен процес, со вклучување на 216 учесници од 31 институција и 27 граѓански организации, со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ). Придонесот на секој учесник, организација и институција е од огромно значење, не само од аспект на анализа на состојбата и идентификување на предизвиците, туку уште повеќе од аспект на поставување цели, предлагање мерки и активности, за што искрено им благодариме.

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост за периодот 2023-2030 година е мултисекторски стратешки документ подготвен во широк партиципативен процес, со вклучување на 216 учесници од 31 институција и 27 граѓански организации, со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ).

Стратегијата поставува амбициозни одредници за унапредување на правата на лицата со попреченост, темелејќи се на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединети Нации (ООН), Унија на еднаквост - Стратегија за правата на лицата со попреченост



2021-2030 на Европската Унија, како и Агендата 2030 и целите за одржлив развој. Стратегијата е заснована на принципот на човекови права и основниот принцип „Никој да не биде изоставен“ („Leave no one behind“) од Агендата 2030. Целта е унапредување, заштита и комплетно уживање на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднакви основи со останатите граѓани, како и унапредување на почитувањето на нивниот дигнитет.

Во согласност со Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, а дополнето низ партиципативниот процес на подготовка на Стратегијата за правата на лицата со попреченост 2023-2030, таа се заснова на следните водечки принципи:

| | |
|---|---|
| А | Почитување на принципот „Ништо за нас без нас“; |
| Б | Почит кон дигнитетот и личната слобода, вклучувајќи ја и слободата на право на избор и независност; |
| В | Недискриминација; |
| Г | Комплетно и ефективно учество и инклузија во општеството; |
| Д | Почитување на различностите и прифаќање на лицата со попреченост како дел од различноста и хуманоста; |
| Ѓ | Примарен фокус на попреченоста, притоа земајќи ги предвид и сите останати идентитети коишто лицето со попреченост може да ги има; |
| Е | Еднакви можности; |
| Ж | Пристапност; |
| З | Еднаквост помеѓу мажите и жените; |
| Ѕ | Воведување и примена на универзалниот дизајн како задолжителен стандард; |
| И | Почитување на развојните капацитети на децата со попреченост и почитување на правото на децата со попреченост да го заштитат својот идентитет |

## 1.1. Резиме на областите на политиките опфатени со Стратегијата и клучните правци на делување

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост опфаќа девет приоритетни области, одредени врз основа на потребите, а усогласени со Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост (КПЛП) и Стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030 на Европската Унија. Во секоја од деветте приоритетни области се утврдени цели, мерки и активности коишто овозможуваат унапредување на правата на лицата со попреченост, независност, еднакви можности, квалитет на живот, како и градење инклузивно општеството. Приоритетните области се:

| | |
|---|---|
| 1 | Пристапност |
| 2 | Еднаквост, пристап до правда и активно учество во јавниот и политичкиот живот |
| 3 | Пристап до здравствена заштита |
| 4 | Детска, социјална заштита и независно живеење |
| 5 | Право на образование |
| 6 | Вработување и право на работа |
| 7 | Локални инклузивни заедници |
| 8 | Јавна свест |
| 9 | Култура, спорт и рекреација |

Лицата со попреченост имаат право на квалитетна, пристапна и достапна здравствена заштита, без дискриминација врз основа на попреченост.

Пристапното опкружување, како физичко, така и дигитално, претставува основа за остварување на правата, независен живот и комплетно учество на лицата со попреченост во општеството, на еднаква основа со останатите граѓани. Приоритетната област „Пристапност“ ги обработува пристапноста во физичката инфраструктура, пристапноста во транспортниот систем и дигиталната пристапност. Општата стратешка цел предвидува создавање пристапна средина за сите лица со попреченост, што ќе овозможи нивно активно учество во сите сегменти од јавниот живот.




**Лицата со попреченост имаат право на заштита од сите форми на дискриминација и насилство, еднакви можности и пристап до правда, како и активно учество во сите сегменти на јавниот и политичкиот живот.**

Во приоритетната област „Еднаквост, пристап до правда и активно учество во јавниот и политичкиот живот", Стратегијата се стреми да го промени пристапот кон лицата со попреченост базиран на медицински и милосрден модел, во пристап базиран на човекови права. Општата стратешка цел на стратегијата предвидува до 2030 година, лицата со попреченост самостојно да одлучуваат, да ги уживаат своите права на еднаква основа со другите, како и активно да учествуваат во сите сфери на општествениот живот.

Лицата со попреченост имаат право на квалитетна, пристапна и достапна здравствена заштита, без дискриминација врз основа на попреченост. Здравствената заштита треба да обезбеди превенција, рана идентификација и интервенција, здравствена рехабилитација, како и услуги коишто ќе ја минимизираат или превенираат појавата на дополнителна попреченост, особено кај децата и постарите лица. Во приоритетната област „Пристап до здравствена заштита", Стратегијата се стреми да го унапреди здравствениот систем за сите граѓани, да ја подобри пристапноста на здравствениот систем, како и да обезбеди низа специфични здравствени услуги коишто им се потребни на лицата со попреченост.

Соодветната социјална заштита, заедно со вработувањето, е основен предуслов за осигурување адекватен приход којшто ќе обезбеди достоинствен стандард на живот за лицата со попреченост и нивните семејства и ќе ги заштити од сиромаштија. Во приоритетната област „Детска, социјална заштита и независно живеење", Стратегијата се стреми да го унапреди системот на детска и социјална заштита, во насока на овозможување независно живеење на лицата со попреченост. Општата стратешка цел предвидува до 2030 година да обезбеди зголемена покриеност и пристап до квалитетни услуги за децата и лицата со попреченост и нивните семејства, како поддршка за независен живот и соодветен стандард на живеење.

Образованието, на индивидуално ниво, овозможува развој на потенцијалите, дигнитет и самореализација, а на колективно ниво ги поставува темелите на инклузивното општество и борба против сиромаштијата. Во приоритетната област „Право на образование“, Стратегијата се стреми да создаде инклузивно и квалитетно образование, во коешто нема место за дискриминација. Тоа образование е базирано на човекови права, учениците со попреченост ги гледа како еднакви со другите и ги поддржува да постигнуваат резултати, да ги реализираат своите потенцијали и да ја развиваат својата личност и таленти. Општата стратешка цел предвидува во 2030 година државата да обезбеди квалитетно инклузивно образование на сите нивоа и можности за доживотно учење за децата и лицата со попреченост.

> Приоритетната област „Вработување и право на работа“ го адресира прашањето на влез на лицата со попреченост на пазарот на трудот

Активното учество на лицата со попреченост на пазарот на трудот е еден од најдобрите начини да се осигура нивната економска независност и социјална инклузија. Приоритетната област „Вработување и право на работа“ го адресира прашањето на влез на лицата со попреченост на пазарот на трудот, обезбедување соодветни работни услови и поддршка, задржување на работното место и достоинствена работа. Општата стратешката цел се однесува на вработувањето и работните односи на лицата со попреченост и е насочена кон тоа да осигура активна улога на лицата со попреченост на отворениот пазар на труд до 2030 година, еднакво со другите.

Реалниот живот на граѓаните се случува во локалните заедници. Преку јавните локални услуги коишто ги обезбедуваат, општините и градовите во голема мера влијаат врз квалитетот на живот на сите граѓани, вклучувајќи ги и лицата со попреченост. Во приоритетната област „Локални инклузивни заедници“, Стратегијата се стреми да создаде заедници коишто ги мапираат потребите на лицата со попреченост, дизајнираат и спроведуваат соодветни политики и обезбедуваат локални услуги коишто одговараат на тие потреби, истовремено промовирајќи инклузија, остварување на човековите права на лицата со попреченост и антидискриминација. Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година да имаме сеопфатни, координирани и кохерентни локални политики коишто го подобруваат квалитетот на живот на лицата со попреченост.

> Во приоритетната област „Локални инклузивни заедници“, Стратегијата се стреми да создаде заедници коишто ги мапираат потребите на лицата со попреченост

Остварувањето на правата на лицата со попреченост мора да биде проследено со унапредување на јавната свест на општеството, затоа што со своето однесување, секој граѓанин може да придонесе лицата со попреченост да ја уживаат еднаквоста за којашто се залага оваа Стратегија. КПЛП, како и Унија на еднаквост: стратегијата за правата на лицата со попреченост на Европската Унија препорачуваат мерки за јакнење на јавната свест, борба против стереотипите, предрасудите и штетните прак-

тики кон лицата со попреченост, но и промовирање на способностите и придонесот на лицата со попреченост во општеството. Во приоритетната област „Јавна свест“, Стратегијата се стреми да ја зајакне свеста за правата на лицата со попреченост, да промовира позитивни перцепции, поголема свест за придонесот и поголемо присуство на лицата со попреченост во медиумите и во јавниот живот. Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година институциите во јавниот сектор, како и сите чинители во општеството да имаат развиена свест за попреченоста како дел од човековата различност.

Пристапните и инклузивни култура, спорт, туризам и рекреација играат важна улога во комплетното учество на луѓето во општеството. Тие ја зголемуваат благосостојбата и им овозможуваат на луѓето, вклучително и на лицата со попреченост, да ги искористат и развиваат своите потенцијали. Во приоритетната област „Култура, спорт и рекреација“, Стратегијата се стреми да ги зголеми можностите за лицата со попреченост за активно учество во културата, уметноста, спортот и рекреацијата, но и да создаде култура на инклузивни културни, рекреативни и спортски настани, чијшто важен дел се лицата со попреченост. Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година лицата со попреченост да бидат активно вклучени во креирањето содржини и да учествуваат во културните, спортските и рекреативните активности.

**Во приоритетната област „Култура, спорт и рекреација“, Стратегијата се стреми да ги зголеми можностите за лицата со попреченост**



# 1.2. Основ на обврска за подготвување и предлагање на стратегијата



Република Северна Македонија е посветена на својата европска иднина и почитување на вредностите за еднаквост, социјална правда, слобода, демократија и човекови права.

Со ратификација на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во 2011 година, државата се приклучи кон напорите на меѓународната заедница за креирање и спроведување национални политики коишто ги унапредуваат правата на лицата со попреченост, се борат против сите форми на дискриминација и градат инклузивно општество.

> **Европските искуства покажуваат дека иако правата на лицата со попреченост се унапредуваат, особено во поглед на пристапноста, сепак лицата со попреченост сè уште се соочуваат со значителни бариери**

Европските искуства покажуваат дека иако правата на лицата со попреченост се унапредуваат, особено во поглед на пристапноста, сепак лицата со попреченост сè уште се соочуваат со значителни бариери во пристапот до здравствена заштита, образование, вработување, рекреација, како и учество во политичкиот живот. Лицата со попреченост имаат повисок ризик од сиромаштија и социјална исклученост споредено со лицата без попреченост и почесто се соочуваат со дискриминација.

Затоа, Европската Комисија ја подготви „Унија на еднаквост - Стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030“, којашто поставува значајни одредници пред земјите-членки за унапредување на правата на лицата со попреченост. Како земја аспирант за членство во Европската Унија, Република Северна Македонија е посветена да ги следи овие одредници и да придонесе за нивно остварување.

Првата Национална стратегија за лица со попреченост беше спроведена во периодот 2010-2018 година. Донесувањето на нова стратегија е една од препораките на Комитетот на ООН за правата на лицата со попрече-

ност. Имено, во своите заклучни согледувања од 2018 година, Комитетот по однос на иницијалниот извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Конвенцијата ја изрази загриженоста дека Националната стратегија за еднакви права на лица со попреченост 2010-2018 не е целосно имплементирана, особено во делот на сервисите за поддршка коишто се неопходни во обезбедување на независно живеење на лицата со попреченост и воедно препорача: „новата Национална стратегија за еднакви права за лицата со попреченост да обезбеди доволно ресурси за нејзината имплементација, особено за сервисите за поддршка кои се неопходни во обезбедување на независно живеење на лицата со попреченост“.

На 65та седница, одржана на 26.07.2022, Владата на Република Северна Македонија ја усвои информацијата за потребата од изработка на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост.

## 1.3. Усогласеност со други стратешки документи

При изработката на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 се водеше сметка за усогласеност со релевантните меѓународни и национални стратешки документи.

Основата на Стратегијата е Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост. Примарна одговорност на земјите-членки е да ги дизајнираат своите национални политики во согласност со обврските коишто произлегуваат од Конвенцијата. Оваа Стратегија ќе обезбеди поуспешно исполнување на тие обврски, преку нивна операционализација низ специфични цели, мерки и активности, спроведени и финансирани од различни институции и организации.

**Примарна одговорност на земјите-членки е да ги дизајнираат своите национални политики во согласност со обврските коишто произлегуваат од Конвенцијата.**

При дефинирање на приоритетните области во Стратегијата се внимаваше на усогласеност со Европската стратегијата. Така, приоритетните области на Стратегијата соодветствуваат со тие на Европската стратегијата (на пример, се промовира поддржано вработување на отворениот пазар, инклузивно образование, пристап до сервиси во заедницата и независно живеење, инклузивни локални средини, итн.), но истите се соодветно прилагодени на специфичните потреби утврдени со анализата и разработени низ партиципативен процес. При дефинирање на мерките појдовна основа беше пристапот на човекови права, којшто нагласува дека лицата со попреченост се субјекти на права и носители на права. При планирање на активностите се имаа предвид водечките принципи на еднаквост и недискриминација, универзална пристапност, инклузивност и сл.

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост е усогласена и со сите релевантни национални стратешки документи. Таа ги зема предвид Националната развојна стратегија на Република Северна Македонија 2023-2041 (во тек), Програмата на Владата 2022-2024, Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026, Националната стратегија за деинституционализација „Тимјаник“ 2018–2027, Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026, Националната стратегија за демографија, Националната стратегија за регионален развој 2021-2031, Стратегијата за млади (во тек), Стратегијата за човечкиот капитал (во тек), Концепцијата за инклузивно образование, Програмата за реформи во вработување и социјална политика, Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 (кластер 1, 3 и 4[1]), како и ИПА III, (тематски прозорци 1, 2 и 4)[2].

Република Северна Македонија е во процес на подготовка на Национална развојна стратегија (НРС), којашто има за цел да создаде поволна средина, нов пат напред, што ќе му овозможи на нашето општество да се обедини и да го посочи патот за развој на нашата земја во наредните 20 години[3]. НРС ги врамува предизвиците од Агендата 2030 и се фокусира на нивно спроведување, стремејќи се кој постигнување подобра и поодржлива иднина за сите, со основниот принцип „Никој да не биде изоставен“.

Заложбите и определбите на Владата на Република Северна Македонија за градење инклузивно општество се јасно отсликани во владините приоритети во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022–2024 година. Во приоритетот „Социјална инклузија и развој на човечкиот капитал“, се дава целосна поддршка на сите социјални категории, при што фокус се става на социјалната сигурност, борба против сиромаштијата, заштита на децата и развој и унапредување на социјалните услуги. Заложбата за создавање поинклузивно општество засновано на принципите на Конвенцијата е наведена и во годишната Програма на Владата за 2022 година, каде што Стратегијата за правата на лицата е поднесена како иницијатива од страна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП).

1 Кластер 1: Темели; Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст; Кластер 4: Зелена агенда и одржливо поврзување.

2 ИПА III е инструмент за претпристапна помош на Европската комисија за програмскиот период 2021-2027 година. Прозорец 1: Владеење на правото, фундаметални права и демократија; Прозорец 2: Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратешка комуникација; Прозорец 4: Конкуретност и инлузивен раст.

3 https://www.nrs.mk/news/misija-nacionalna-razvojna-strategija.nspx

# 1.4. Методолошки пристап во подготвувањето на стратегијата

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост е мултисекторски стратешки документ подготвен во широк партиципативен процес, којшто опфати 216 учесници од 31 институција и 27 граѓански организации, вклучувајќи: лица со попреченост, нивни семејства, организации на лица со попреченост, сите релевантни министерства, агенции и институции, како и меѓународни развојни организации.

За подготовка на стратегијата беше формирана Работна оперативна група со улога да го води и надгледува процесот на подготовка и постигнатите резултати во различни фази и нивоа во текот на целиот процес, како и да дава насоки и совети за конкретни чекори и мерки што треба да се преземат. Работната оперативна група е составена од претставници на МТСП, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија (НКТ), релевантни ресорни министерства и владини институции. Дополнително, во работата на работната оперативна група учествуваше и ГИЗ, а придонес дадоа и агенциите на ООН. Со Работната оперативна група претседаваат МТСП и НКТ со оглед на сложеноста и сеопфатниот карактер на Националната стратегија.

> **За подготовка на стратегијата беше формирана Работна оперативна група со улога да го води и надгледува процесот на подготовка и постигнатите резултати**

НКТ, по потреба и во проширен состав, имаше улога да го надгледува, советува, координира и директно активно да учествува во процесот на подготовка на документот.

Методологијата за подготовка на стратегијата беше изготвена и спроведена од страна на МТСП, НКТ и Работната оперативна група, со континуирана поддршка на ГИЗ, преку нивните проекти за поддршка на ранливи категории (SoRi II) и за социјална инклузија (SoRi III).

Методологијата за подготовка на Националната стратегија се засноваше на следните пристапи:

Пристап со двојна патека (Twin track approach) со подеднакво значење и на мерките специфични за попреченоста и на вклучувањето на попреченоста во сите полиња на политиките.



Фотографија: Арбнора Мемети

Партиципативен пристап „Ништо за нас без нас“ со клучна улога на лицата со попреченост, нивните претставнички организации и родителските организации во формулирањето на стратегијата.




Фотографија: Арбнора Мемети



Фотографија: Арбнора Мемети

Пристап „од долу – нагоре“ со земање предвид на потребите идентификувани на локално ниво, врз основа на известувањето за социјалното мапирање и со вклучување на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС).



Фотографија: Арбнора Мемети

Координиран пристап преку соработка со сите развојни агенции за да се усогласат нивните програми со планираните активности во стратегијата.

- Координиран пристап преку соработка со сите развојни агенции за да се усогласат нивните програми со планираните активности во стратегијата.
- Меѓусекторски пристап со вклучување на претставници од приватниот сектор и граѓански организации коишто работат на полето на човековите права и попреченоста.
- Зајакнување на пристапот заснован на човековите права со усогласување на сите активности со принципите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и принципот „Никој да не биде изоставен“ од Агенда 2030 и Целите за одржлив развој.

## 1.5. Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на стратегијата

Процесот на изработката на стратегијата траеше од октомври 2021 година до мај 2023 година. Методологијата за подготовка на стратегијата ги вклучи следните чекори:

- Иницијатива за подготовка на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост во октомври 2021 година, поднесена од НКТ до Министерството за труд и социјална политика, што резултираше со вклучување на националната стратегија во Годишната програма на МТСП за 2022.
- Во ноември 2021 година направен е првичниот контакт со ГИЗ, по што следеше дефинирање на чекорите за анализа на состојбата и мапирање на потребите на лицата со попреченост, како и подготовка на методологијата.
- Раководејќи се од принципот „Никој да не биде изоставен“ уште во фазата на подготовка на методологијата за процесот на креирање на стратегијата, беа консултирани организациите за правата на лицата со попреченост, по електронски пат за доставување првични забелешки, и преку формален настан, организиран од страна на МТСП во соработка со НКТ (25.05.2022).
- Консултации со сите агенции на ООН присутни во земјата, коишто изразија силна поддршка и интерес за вклучување во процесот на подготовка на стратегијата.
- Воведна дводневна работилница (28-29.06.2022) за сензибилизација на различните засегнати страни за принципите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и моделот за човекови права, како и разработка на предлог приоритетни области.

- Работилници со локалните заедници, во Струмица и Неготино.
- Две дводневни национални работилници за подготовка на стратегијата (27-28.09.2022 и 04-05.10.2022), за подготовка на стратешката рамка.
- 24 тематски работилници (во октомври 2022) за прибирање идеи од сите релевантни чинители, по приоритетни области. На работните средби им претходеше јавен повик за вклучување на сите заинтересирани, но и можност за пишан придонес.
- Серија размени и состаноци со НКТ и оперативната група за подготовка на стратегијата (ноември 2022).
- Е-маил размена со релевантните министерства и институции за дополнување и верификација на стратешката рамка на стратегијата (ноември 2022).
- Промовирање на стратешката рамка за стратегијата по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост.
- Тродневна работилница за подготовка на тригодишен акциски план за стратегијата (јануари 2023).
- Серија состаноци со оперативната група за одредување на показателите и подготовка на нов нацрт  (февруари-март 2023).
- Е-маил размена со релевантните министерства и институции за дополнување и верификација на нацрт-стратегијата (март-мај 2023).
- Консултации за нацрт-стратегијата со релевантните институции и организации.

Консултации за нацрт-стратегијата со јавноста (преку www.ener.gov.mk и веб-страницата на МТСП).

Координативни состаноци и работилници за финализирање на нацрт-стратегијата со оперативната група.

- Финализирање на стратегијата (мај 2023).

„Како дел од процесот на изработка на Стратегијата, учествував во две национални работилници и три работни средби фокусирани на различни приоритетни области. Ова беше ретка можност на едно место да се слушнат размислувањата на сите релевантни актери коишто имаат улога во унапредувањето на нашите права, и уште поретка можност заедно да ја визионираме иднината, како и патот до неа. Осмисливме исклучително добра и важна стратегија, многу научивме низ овој процес, но и се запознавме подобро, што е добра основа за успешно спроведување на стратегијата. Ние, лицата со попреченост имаме големи очекувања од годините што следат и се надеваме дека сите ќе бидеме горди на овој почеток“ – Учесничка во подготовката на Стратегијата.




Врз основа на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, Министерството за труд и социјална политика е носител на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост. МТСП ја водеше подготовката на Стратегијата низ транспарентен, инклузивен и партиципативен процес со сите релевантни национални чинители и меѓународни партнери.




Фотографија: Арбнора Мемети

Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, како иницијатор на процесот за изработка на стратегијата, ги стави на располагање својата стручна и техничка експертиза и даде поддршка за ангажирање и координација на релевантните министерства, организациите на лицата со попреченост, академската заедница и други актери во текот на целиот процес.

Канцеларијата на Народниот правобранител придонесе во име на механизмот за следење и даде експертски придонес од перспектива на човекови права и антидискриминација.

Здружението на единиците на локалната самоуправа, придонесе со знаење за потребите на општините во вклучувањето на правата на лицата со попреченост на локално ниво, како и застапување за предусловите што треба да се исполнат за општините да можат да дејствуваат како партнер за координирање на процесот на имплементација на стратегијата на локално ниво.

Приватниот сектор беше претставен преку трите најголеми стопански комори, пренесувајќи ги ставовите и идеите на своите членови. Дополнително, индивидуални компании се вклучија и дадоа свој придонес во подготовка на стратегијата.

**Приватниот сектор беше претставен преку трите најголеми стопански комори, пренесувајќи ги ставовите и идеите на своите членови.**

Други социјални претпријатија пренесоа со искуства за моделите за работна интеграција.

ГИЗ, агенциите на ООН и други развојни организации споделија експертиза во работните групи и консултативниот процес, но и го нагласија усогласувањето на нивните тековни и идни проектни активности со потребите за спроведување на стратегијата.

Лицата со попреченост, нивните претставнички организации и родителските организации учествуваа масовно и активно во сите фази во подготовка на стратегијата и имаа клучна улога во анализа на ситуацијата и формулирање на визијата, целите, мерките и активностите на стратегијата.

# 2 Анализа на состојбата

## 2.1. Анализа на актуелната состојба, проблемите и предизвиците во приоритетните области

Прашањето на попреченоста, и покрај тоа што беше дел од Пописот во 2021 година, не даде слика за вкупниот број на населението со попреченост. Според резултатите од пописот во државата има вкупно 94 412 лица со попреченост[4], што претставува скоро 5 % од вкупното население, од кои 2,5 % се лица над 65 годишна возраст. Ова бројка е далеку и значително пониска од глобалните проценки на Светска здравствена организација од 15-20 проценти.  Во рамките на развиените економии, стапката пак на преваленција варира од 10 проценти до над 20 проценти, во зависност од развојот на земјата, стапката на сиромаштија, стапката на образование[5].

**Државата нема официјална евиденција за бројот на лицата на коишто им е одземена деловната способност.**

Податоците од Анкетата за приходи и услови за живеење спроведена од страна на Државниот завод за статистика (ДЗС) [6], покажуваат дека околу 31,5 % од населението има некаква состојба на попреченост, при што жените сочинуваат приближно 34,2 % од овој број.

Државата нема официјална евиденција за бројот на лицата на коишто им е одземена деловната способност. Според информациите на Државна из-

4 Државен завод за статистика 2022 http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__Poprecenost/T1053P21.px/table/tableViewLayout2/?rxid=a812e800-ecc2-45cf-b8ca-5cfe3d2208e5

5 Светски извештај за попреченоста, СЗО, 2011: https://www.who.int/teams/noncommunicable-diseases/disability-and-rehabilitation/world-report-on-disability

6 Анкета за приходи и услови за живеење за 2017 г., Државен завод за статистика, Статистички преглед број 2.4.18.13/905, страница 28-31. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.13.pdf



борна комисија (ДИК)[7] на последните избори во 2021 година околу 900 лица биле избришани од избирачкиот список, врз основа на добиените податоци од судот за одземена деловна способност на лицата.

Министерството за труд и социјална политика, поддржано од Светска банка, развива методологија за прибирање и вмрежување на податоци и креирање софтверско решение коешто ќе даде прецизна слика за бројот на лицата со попреченост по сите демографски карактеристики на територијата на целата држава. Со ова, долгоочекуваниот регистар на лица со попреченост ќе стане реалност.[8]

**Зголемена е свесноста, препознавањето и признавањето на правата на лицата со попреченост и нивното прифаќање како еднакви граѓани во општеството.**

Од ратификацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во 2011 година, Република Северна Македонија направи неколку значајни чекори кон поинклузивно општество во коешто лицата со попреченост ќе можат да ги остварат своите човекови права. Поставена е институционалната инфраструктура одговорна за имплементација и мониторинг на Конвенцијата, составена од две главни институции, и тоа Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија и

7 Проценка на капацитетите на ДИК по однос на прашањето на попреченост, ОДИХР ИФЕС, 2022

8 Извор: Интервју со претставници на МТСП

тим за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата на ОН во рамки на Одделот за заштита на правата на децата и лицата со попреченост при Канцеларијата на Народниот правобранител.

Зголемена е свесноста, препознавањето и признавањето на правата на лицата со попреченост и нивното прифаќање како еднакви граѓани во општеството. Стигмата и предрасудите се намалуваат и сè почесто кога се размислува, зборува и дејствува за лицата со попреченост пристапот е базиран на човекови права. Во овој пристап, лицата со попреченост не се само пасивни корисници на услуги, туку се носители на права, односно имаат право да бараат остварување и заштита на правата од носителите на должности, кои пак имаат обврска да обезбедат остварување на тие права. Сепак, жените и девојчињата со попреченост сè уште се наоѓаат во диспропорционално поранлива ситуација од останатите лица со попреченост во речиси сите сфери, особено како жртви на родово базирано и семејно насилство и интерсекциска дискриминација.

Во 2020 година е донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација, којшто гарантира заштита од дискриминација на лицата со попреченост

Во 2020 година е донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација, којшто гарантира заштита од дискриминација на лицата со попреченост.[9] Во Законот (член 5) е наведена попреченоста како една од основите на дискриминација, вклучувајќи и дефиниција за лицата со попреченост како „лице кое има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го спречат неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите" (член 4). Законот ги забранува сите облици и форми на дискриминација, вклучително и директна и индиректна дискриминација, повикувањето, поттикнувањето и инструкцијата за дискриминација, вознемирувањето, виктимизацијата и сегрегацијата. Како потежок облик на дискриминација Законот ги смета повеќекратната дискриминација, интерсекциската дискриминација, повторената дискриминација и продолжената дискриминација (член 13). Законот ја вклучува и дискриминација по асоцијација, што претставува секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради поврзаност со друго лице или група врз која било дискриминаторска основа, со што ги опфаќа и лицата кои се засегнати од состојбата на попреченост. Во член 4, Законот истакнува дека забраната за дискриминација подразбира и обезбедување соодветен пристап на инфраструктура, добра и услуги, пред сè преку примена на принципот на соодветно приспособување, при што оневозможувањето на соодветно приспособување е дискриминација. Меѓутоа, воочлив е проблемот којшто се јавува во врска

9 Закон за спречување и заштита од дискриминација. „Службен весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020 година.



со разбирањето и примената на принципот на соодветно приспособување, за кој се покажува дека сè уште не е доволно јасен и е различно толкуван. Имено, тој многу често е поистоветуван со пристапноста, што доведува до негова селективна примена, а со тоа отвора простор за дискриминација на лицата со попреченост.

Новиот модел за функционална проценка на деца и млади со попреченост, во согласност со Меѓународната класификација за функционалност, попреченост и здравје (МКФ) на Светската здравствена организација се имплементира. Моделот предвидува девет регионални стручни тела за функционална проценка и тоа: две во Скопје, како и по едно во Битола, Гостивар, Штип, Струмица, Охрид, Велес и Куманово. Регионалната распространетост на телата е со цел стручните тела да бидат поблиску до местото на живеење на самите корисници. Едно национално тело ја има улогата на координација и надзор на сите регионални тела. До овој момент отворени се две стручни тела во Скопје, и по едно во Битола, Гостивар, Струмица и Куманово, а формирано е и национално тело за координација. Работата на сите тела е регулирана со нов Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади, согласно МКФ, донесен во јануари 2023 година.

**Охрабрува воведувањето нови услуги и можноста за развој на иновативни услуги на локално ниво, но сè уште не бележиме напредок во обезбедување услуги на целата територија на државата**

Законот за социјална заштита[10] овозможи нови права и зголемување на надоместоците за лицата со попреченост. Особено е значајно што лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост над 26-годишна возраст во 2019 година беа законски утврдени како можни корисници на надоместокот за попреченост. Големо

10 Закон за социјална заштита „Службен весник на РСМ", бр. 104 од 23.5.2019 година

придвижување е забележано во областа на социјалните услуги, но сè уште е потребно подобрување на квалитетот на постоечките сервисни служби и нивно надградување за да се усогласат со потребите на лицата со попреченост. Охрабрува воведувањето нови услуги и можноста за развој на иновативни услуги на локално ниво, но сè уште не бележиме напредок во обезбедување услуги на целата територија на државата. Во јули 2021 година, Собранието ги усвои измените на Законот за социјална заштита, со коишто се намали возрасната граница од 18 на 6 години за користење на социјалната услуга лична асистенција, со цел да се обезбеди значајна поддршка за личниот и образовниот развој на децата со попреченост, како и поддршка на нивните семејства во секојдневната грижа. Недостатокот на социјални услуги е евидентен. Дополнително, услугите треба системски да се доуредат, во поглед на статусот, обуката и компетенциите на давателите на услугите.

Исто така, воведена е и дефинирана поддршката за лица и деца со комбинирана попреченост. Направени се измени и дополнувања на Законот за заштита на детето со коишто правото на посебен додаток се зголеми за 15%. На почетокот на 2023 година, сите права се зголемени за 14,2% согласно усогласувањето со трошоците за живот.

Исто така, воведена е и дефинирана поддршката за лица и деца со комбинирана попреченост.

Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“[11] ги постави основите на процесот на деинституционализација, којашто бележи виден напредок. Во изминатите години сите деца од институциите од областа на социјалната заштита се опфатени со социјални услуги во заедницата. Вонсемејната заштита на локално ниво сè уште не е доволно развиена подеднакво на територијата на целата држава. Најголем број од обезбедувачите на социјални услуги се заинтересирани за развој на услугата помош и нега во домот. И покрај тенденцијата за децентрализација на услугите, општините немаат обврски да преземаат мерки за врамување на прашањето на попреченоста низ локалните статути, стратегии, политики и буџети. Давателите на услуги имаат ниско познавање за КПЛП.

Законот за основно образование[12] од 2019 година и Концепцијата за инклузивно образование[13] од 2020 година донесоа значителен напредок во вклучувањето на сите деца во образовниот систем. Вклучувањето на децата со посебни образовни потреби придонесува за подобрување на

11 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategii%202018/Strategija_deinstitucionalizacija_Timjanik_2018-2027.pdf

12 Закон за основно образование „Службен весник на РСМ“ бр. 08-4389/1 од 30 јули 2019 година

13 Концепција за инклузивно образование достапна на: Koncepcija za inkluzivno.pdf (mon.gov.mk)

инклузивната клима, а низата проекти коишто се реализираат на територијата на државата ја подобруваат инклузивната пракса.

Согласно Законот за основно образование од 2019 година, посебните основни училишта се трансформираа во основни училишта со ресурсен центар, а посебните паралелки во Центри за поддршка на учењето, со цел обезбедување квалитетно образование за сите ученици со попреченост. Ресурсите коишто ги поседуваат овие училишта, заедно со експертизата и искуството на професионалците, се достапни да им ја понудат потребната помош и поддршка на учениците, родителите и наставниците.

За прв пат во учебната 2020/2021 година, согласно Законот за основно образование, се предвиде услугата за образовна асистенција за учениците со попреченост преку Ресурсните центри и работно ангажирање на образовни асистенти. Министерството за образование и наука одвои буџетски средства за 500 образовни асистенти за ученици со попреченост во основните редовни училишта, по препорака од стручните тела за функционална проценка. За учебната 2022/2023 година, бројот на образовни асистенти за зголеми за 220, со што вкупниот број изнесува 725.

**Менувањето на членовите на НКТ го намалува континуитетот во работата на сите институции коишто имаат свои членови**

Иако напредокот е евидентен, според Анализата на состојбата на лицата со попреченост, подготвена од ГИЗ како дел од процесот на изработка на Националната стратегија, остануваат уште низа области поврзани со правата на лицата со попреченост на коишто е потребно да се работи континуирано.

Врз основа на член 33, како и општите препораки на Комитетот при ООН за правата на лицата со попреченост, НКТ треба да функционира со зајакнат капацитет и финансирано преку алокации од националниот буџет. Менувањето на членовите на НКТ го намалува континуитетот во работата на сите институции коишто имаат свои членови.

Во институциите на централно и локално ниво треба да се работи на промоција на прашањето на попреченоста од аспект на човековите права. Познавањето на КПЛП и обврските коишто произлегуваат од неа е сè уште на многу ниско ниво.

Потребно е да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации на и за лица со попреченост, но и самите лица со попреченост за познавањето на нивните права и обврски. Во исто време, треба да се работи на подобрување на вештините за самозастапување и застапување за лицата со попреченост. Особено загрижува непознавањето на правата кај лицата во рурални средини. Лицата со попреченост треба да добијат поддршка да живеат независен живот во дом по сопствен избор во нивната заедница.

Принципите на еднаквост и недискриминација, еднаквост помеѓу мажите и жените и пристапноста до институциите и информациите мора да бидат неизоставен дел од функционирање на сите институции на централно и локално ниво, но и принципи по коишто државата треба да се води во сите приоритетни области.

Во поглед на граѓанското здружување, лицата со попреченост се застапени и вклучени претежно во традиционалните сојузи и организации на лица со попреченост (ОЛП) и новите ОЛП, како и во родителските организации на деца и лица со различна дијагноза. Сè уште не постои пракса на граѓанско здружување на лицата со попреченост коишто се деинституционализирани.

Потребно е поголемо вклучување на лицата со попреченост во организациите коишто обезбедуваат правни, социјални и други услуги за лицата со попреченост, како и зајакнување на соработката на граѓанските организации (ГО) коишто обезбедуваат услуги и ОЛП.

Пандемијата со Ковид-19 негативно влијаеше врз целата популација, а лицата со попреченост не беа исклучок. Евидентирано беше зголемување на родово базирано и семејно насилство, особено врз жените со попреченост. Дел од мерките за справување со пандемијата реактивно ги земаа предвид потребите на лицата со попреченост (изземање од забра-



ната за движење, изземање од обврската за носење маски за учениците со аутизам, физичко присуство во посебните училишта, остварување на правата за лицата со попреченост само со документација, без потреба од лекарски преглед и сл.), додека пак дел од мерките не одговараа на специфичните потреби на лицата со попреченост, особено жените со попреченост како уште поранлива категорија. Постоечката законска рамка и мерките за хуманитарни кризи и вонредна состојба треба да ги земат предвид и потребите на лицата со попреченост.

Во Прилог 1 на Стратегијата е презентирана детална анализа на состојбата, проблемите и предизвиците во секоја од приоритетните области.

## 2.2. СВОТ анализа

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| --- | --- |
| • Коалиција на институции и организации коишто ја поддржуваат КПЛП и се заинтересирани за нејзино спроведување<br>• Годишни програми на организации и институции коишто ги вклучуваат правата на лицата со попреченост<br>• Потоечки стратегии коишто одат во прилог на правата на лицата со попреченост<br>• Постоечки услуги за лицата со попреченост<br>• Поставени основи за инклузивно основно образование | • Недостаток на статистички податоци<br>• Недостаток на систем за прибирање и анализа на расчленети податоци за лицата со попреченост<br>• Недоволни човечки и институционални капацитети на НКТ<br>• Недоволни човечки капацитети во релевантните институции<br>• Недоволни финансиски ресурси<br>• Несоодветна законска регулатива<br>• Непочитување на законската регулатива<br>• Непознавање на достапните услуги |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Донаторска поддршка во рамките на Агенда 2030<br>• Поддршка од јавноста<br>• Дигитализација<br>• Спроведено социјално мапирање во дел од општините | • Финансиска криза<br>• Политичка нестабилност<br>• Незадоволство од спроведувањето на претходната стратегија<br>• Недоволен специјализиран кадар |

## 2.3. Резултати од спроведувањето на претходна стратегија и поврзани стратегии

Претходната, односно прва Национална стратегија за лица со попреченост беше спроведена во периодот 2010-2018 година. Не постои систематско истражување за резултатите од спроведувањето на стратегијата, а со оглед на фактот дека важноста на таа стратегија завршила пред пет години, што е долг период, фокусот беше ставен на анализа на моменталната состојба и предизвици. Анализата ги зема предвид: Извештајот на Комитетот за човекови права на ООН, имплементацијата на препораките во активностите предвидени согласно Акциските планови од 2019 и 2021 година, дополнителната анализа на состојбата со анализа на содржина и законската рамка, поврзани стратегии, како наоди од интервјуа и фокус групи и експертски препораки за идно дејствување, сите презентирани во деталната анализа на состојбата, проблемите и предизвиците во секоја од приоритетните области (Прилог 1).

**Не постои систематско истражување за резултатите од спроведувањето на стратегијата, а со оглед на фактот дека важноста на таа стратегија завршила пред пет години**

Во своите заклучни согледувања од 2018 година, Комитетот за права на лицата со попреченост по однос на иницијалниот извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Конвенцијата ја изрази загриженоста дека Националната стратегија за еднакви права на лица со попреченост 2010-2018 не е целосно имплементирана, особено во делот на сервисите за поддршка коишто се неопходни во обезбедување на независно живеење на лицата со попреченост и воедно препорача: „новата Национална стратегија за еднакви права за лицата со попреченост да обезбеди доволно ресурси за нејзината имплементација, особено за сервисите за поддршка кои се неопходни во обезбедување на независно живеење на лицата со попреченост“.

# 3. Стратешка рамка

## 3.1. Визија

Во 2030 година, Република Северна Македонија е земја без бариери, којашто има висока свесност за правата на лицата со попреченост. Лицата со попреченост имаат еднакви можности за пристап до квалитетни здравствени и социјални услуги, инклузивно образование, можности за вработување, развој и самореализација, а нивните семејства ја добиваат неопходната поддршка. Тие се активно вклучени во општествените текови, културно-забавниот живот и спортот. Информациите и услугите се пристапни и достапни во местото на живеење. Политиките и мерките се базирани на квалитетни податоци, ги следат принципите на КПЛП, а лицата со попреченост се клучен дел во донесувањето и спроведувањето одлуки за својата и иднината на државата.



# 3.2. Приоритетни области, резиме на политиките, општи, посебни цели и мерки во секоја од приоритетни области

## Приоритетна област 1:
## ПРИСТАПНОСТ



### Резиме на политиките

Пристапното опкружување, како физичко, така и дигитално, претставува основа за остварување на правата, независен живот и комплетно учество на лицата со попреченост во општеството, на еднаква основа со останатите граѓани. Приоритетната област „Пристапност“ ги обработува пристапноста во физичката инфраструктура, пристапноста во транспортниот систем и дигиталната пристапност.

Општата стратешка цел предвидува создавање пристапна средина за сите лица со попреченост, што ќе овозможи еднакви можности, независност и нивно активно учество во сите сегменти од јавниот живот.

Посебните стратешки цели, како и мерките коишто се предвидуваат во секоја од нив, обработуваат различни аспекти од пристапноста. Дополнително, дел од посебните цели ќе осигурат системско следење на унапредувањето на пристапноста, како и воведување и поставување на универзалниот дизајн како задолжителен стандард.

Првата посебна цел се фокусира на подобрена физичка пристапност на локално и национално ниво, од два аспекти – обезбедување пристапна и достапна инфраструктура на објектите и урбаните површини, но и обезбедување пристапност на домовите на лицата со попреченост. За да се овозможи ова, Стратегијата предвидува унапредување на законската регулатива со вградување стандарди за пристапност на објектите и услугите, во согласност со стандардите на Европската Унија. Во фокус се и јавните и приватните субјекти коишто треба да ги земат предвид сите аспекти на пристапноста за лицата со попреченост, вклучувајќи и знаци, достапни информации, комуникација, услуги за поддршка, ориентација и движење во и низ зградите. Во насока на поддршка на независен живот, оваа цел предвидува и мерки за зголемување на бројот на пристапни живеалишта, преку градење нови, со почитување на стандардите за пристапност, но и преку адаптација на постоечките живеалишта. Бидејќи непристапноста честопати е резултат на недоволна свест и техничко знаење, дел од мерките во оваа стратешка цел се насочени кон развој и зајакнување на човечките капацитети за разбирање и спроведување на стандардите за пристапност, принципот на универзален дизајн, ISO/IEC Guide 71, унапредување на инспекцискиот надзор, како и јакнење на меѓусекторската координација на релевантните чинители на национално и локално ниво.

Втората посебна цел се стреми до 2030 година да се обезбеди пристапна и достапна патничка транспортна инфраструктура, за сите видови сообраќај, на национално и локално ниво. Мерките за да се оствари ова вклучуваат ревидирање на законската рамка за овозможување пристапен транспорт и пристапни информации за транспортот за сите лица со попреченост, но и зголемување на мобилноста на лицата со попреченост како возачи.

Третата стратешка цел се стреми да ја унапреди дигиталната пристапност со имплементација на WCAG стандардот и Директивата 2102/2016 за пристапност на веб- страниците и апликациите на јавните институции. Мерките предвидуваат запознавање на институциите со WCAG стандардот, измена на законската регулатива, како и прилагодување на веб-страниците и порталите за примена на стандардот. Дополнително, се предвидува пристапноста и достапноста да бидат дел од критериумите за оценка на квалитетот на јавните услуги, што ќе овозможи надминување на недостатоците и обезбедување соодветен пристап и квалитет на јавните услуги за сите граѓани.

Со цел да се создаде средина заснована на универзален дизајн, во рамките на четвртата стратешка цел се предвидени мерки за воведување и целосна примена на универзалниот дизајн, почнувајќи од законската рамка, едукација за неговата примена, како и задолжителна примена за сите нови добра, производи, средства, технологии и услуги, што ќе обезбеди целосен, еднаков и неограничен пристап за сите, вклучувајќи ги и лицата со попреченост.

Петата стратешка цел се однесува на овозможување комуникација и размена на информации во пристапен формат за лицата со попреченост преку стандардизација на употребата на знаковниот јазик, обезбедување на информациите од јавен карактер на пристапен и достапен начин, измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и негово усогласување со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги, воведување лесно читлив формат на веб-страниците на институциите за пристап на лицата со интелектуална попреченост, аудио опис на најважните услуги за пристап на лицата со оштетен вид, како и титлувани содржини или толкување на знаковен јазик за пристап на лицата со оштетен слух.

## ОПШТА ЦЕЛ:

**Пристапна средина којашто овозможува еднакви можности, независност и активно учество на лицата со попреченост во сите сегменти од јавниот живот**

Показател на успешност:

% од лицата со попреченост сметаат дека пристапноста во нивното опкружување е подобрена[14]

## Посебна цел 1:

**Подобрена физичка пристапност на локално и национално ниво**

Показател на успешност:

% од клучните јавни објекти на локално и национално ниво се пристапни [15]

## Мерки:

1.1. Обезбедување пристапна и достапна инфраструктура на објектите и урбаните површини на национално и локално ниво

14 Показателите на успешност се дефинираат за целиот период на спроведување на Стратегијата, а треба да бидат исполнети до 2030 година. Бидејќи немањето расчленети податоци за лицата со попреченост е еден од клучните предизвици, не постојат почетни податоци. Во првата година од спроведувањето на Стратегијата се предвидува да се спроведе анкета преку која ќе се соберат податоци за перцепциите на лицата со попреченост за секој од поврзаните показатели, по што ќе се утврдат соодветни вредности за секој од показателите. Сите показатели се подетално разработени во делот „Анализа и прибирање на податоците за вредноста на показателот".

15 НКТ ќе изготви листа на клучни објекти коишто ќе бидат следени, како што се: градинки, училишта, здравствени домови, општини, полициски станици, судови, итн.

1.2. Обезбедување пристапност на домовите на лицата со попреченост за независен живот

1.3. Унапредување на инспекцискиот надзор на национално и локално ниво

1.4. Развој и зајакнување на човечките капацитети за разбирање и спроведување на стандардите за пристапност, принципот на универзален дизајн како и на ISO/IEC Guide 71

1.5. Зајакнување на меѓусекторската координација на релевантните чинители на национално и локално ниво

## Посебна цел 2: **Подобрена пристапност во патничкиот транспортен систем на национално и локално ниво**

Показател на успешност:

Лицата со попреченост имаат пристап до сите превозни средства и услужни објекти (аеродроми, автобуски и железнички станици и останати)

### Мерки:

2.1 Обезбедување пристапна и достапна транспортна инфраструктура за лицата со попреченост на национално и локално ниво

## Посебна цел 3: **Дигитална пристапност, со имплементација на WCAG стандардот на веб страните и порталите**

Показател на успешност:

Директивата 2102/2016 за пристапни веб-страници и мобилни апликации е спроведена од институциите од јавниот сектор

### Мерки:

3.1 Развивање систем за пристапност на информациите од јавниот сектор во различни формати коишто се лесно разбирливи за лицата со попреченост

## Посебна цел 4: **Имплементација на универзалниот дизајн**

Показател на успешност:

Универзалниот дизајн е задолжителен стандард

### Мерки:

4.1 Воведување и доследна примена на универзалниот дизајн

## Посебна цел 5: **Комуникација и размена на информации во пристапен формат за лицата со попреченост**

Показател на успешност:

% од клучните институции обезбедуваат информации во пристапен формат

### Мерки:

5.1 Обезбедување информации и комуникација во пристапни формати, соодветни на потребите на лицата со попреченост

Приоритетна област 2:

# ЕДНАКВОСТ, ПРИСТАП ДО ПРАВДА И АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ЈАВНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ





## Резиме на политиките

Лицата со попреченост имаат право на заштита од сите форми на дискриминација и насилство, еднакви можности и пристап до правда, како и активно учество во сите сегменти на јавниот и политичкиот живот.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да го промени пристапот кон лицата со попреченост базиран на медицински и милосрден модел, во пристап базиран на човекови права.

Општата стратешка цел предвидува до 2030 година лицата со попреченост самостојно да одлучуваат, да ги уживаат своите права на еднаква основа со другите, како и активно да учествуваат во сите сфери на општествениот живот.

Во таа насока, Стратегијата ќе се стреми да промовира свест, еднаквост и заштита од дискриминација на лицата со попреченост, да го подобри пристапот на лицата со попреченост до правдата, да ја обезбеди нивната безбедност и сигурност и да им овозможи целосно да учествуваат во јавниот и политичкиот живот. Еден од поголемите предизвици во оваа стратешка цел е забраната на дискриминацијата врз основа на попреченост во сите форми, целосната примена на пристапот базиран на човекови права и воведување систем за донесување одлуки со поддршка. Дополнително, Стратегијата како предизвик го отвора и прашањето за евиденција и собирање квалитетни расчленети податоци за лицата со попреченост, како основа за планирање политики и соодветно буџетирање. Имајќи предвид дека КПЛП ја дава рамката за унапредување на правата на лицата со попреченост, којашто е водилка на оваа Стратегија, се предвидува јакнење на капацитетите за имплементација и следење на КПЛП, со активно вклучување на лицата со попреченост и нивните организации.

**Стратегијата ќе се стреми да промовира свест, еднаквост и заштита од дискриминација на лицата со попреченост, да го подобри пристапот на лицата со попреченост до правдата,**

Првата посебна цел ги идентификува мерките и активностите коишто ќе ја подобрат информираноста и ќе ги унапредат знаењата на лицата со попреченост и нивните организации, како и на јавните институции за обврските коишто произлегуваат од КПЛП во остварување на инклузивната еднаквост и борбата против дискриминацијата врз основа на попреченост. Мерките предвидуваат и зајакнување на капацитетите на организациите на лицата со попреченост и родителските организации и придонес кон нивна одржливост, како една од клучните заинтересирани страни во спроведувањето и следењето на имплементацијата на КПЛП.

Втората посебна цел во оваа област е насочена кон овозможување активно учество на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот и во сите демократски процеси во државата. Предвидените мерки треба да овозможат остварување на правото на политичко учество засновано на слободата да се направи сопствен избор. Во таа насока, предвидени се активности за надминување на предизвиците во поглед на непристапните избирачки места, информациите, како и ограничениот пристап за регистрација за гласање. Дополнително, предвидени се и активности за унапредување на законодавството, што ќе гарантира дека  лицата со попреченост еднакво и ефективно ќе можат да ги уживаат политичките права, како и афирмативни мерки за вклучување на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот.

Третата посебна цел се стреми до 2030 година да овозможи лицата со попреченост да имаат еднаков пристап до правда, информиран избор и поддржано одлучување. Оваа цел го обезбедува правото за еднаквост пред

законот, како општ принцип за заштита на човековите права и неопходен предуслов за остварување на останатите човекови права на граѓаните со попреченост, самостојно живеење и вклученост во заедницата како еднакви. Мерките предвидуваат обезбедување пристапни и достапни информации. Дополнително, Стратегијата предвидува мерки за развивање сервиси во заедницата за носење информиран избор и поддржано донесување одлуки, засновани на почитување на автономијата, волјата и преференциите на лицата со попреченост и човековите права.

Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост ја поставува основата за унапредување на правата на лицата со попреченост, којашто е преведена во сите цели и мерки на оваа Стратегија. Низ четвртата посебна цел, Стратегијата ја нагласува потребата за зајакнување на механизмите, како за имплементација, така и за мониторинг на КПЛП, со активно вклучување на лицата со попреченост и нивните организации. Ова е можно само преку низа координирани мерки за зајакнување на капацитетите на НКТ за имплементација на КПЛП, зајакнување на капацитетите на Механизмот за следење на имплементацијата на КПЛП, како и зајакнување на капацитетите на репрезентативните организации на лицата со попреченост.

Стратегијата предвидува мерки за обезбедување информации, превенција од родово базирано и семејно насилство, родово и возрасно сензитивна помош и поддршка.

За остварување на граѓанските и политичките права на граѓаните со попреченост, како и ефективна заштита пред законот, од голема важност е обезбедувањето механизми за заштита на лицата со попреченост од сите облици на насилство, родово базирано и семејно насилство, злоупотреба, запоставување и експлоатација, со што се занимава петтата посебна цел. Оваа цел го адресира препознавањето на насилството, злоупотребата, запоставувањето и експлоатацијата од страна на сите релевантни чинители, како и постапување во согласност со принципот на должно внимание. Стратегијата предвидува мерки за обезбедување информации, превенција од родово базирано и семејно насилство, родово и возрасно сензитивна помош и поддршка, како и пристапни и достапни сервиси за лицата со попреченост. Дополнително, се предвидуваат мерки за зајакнување на капацитетите на професионалците коишто работат на превенција, идентификација, пријавување и заштита на преживеани лица на родово базирано/семејно насилство.

Во рамките на оваа приоритетна област е опфатена и посебна цел поврзана со правата на лицата со попреченост во кризни ситуации. Шестата посебна цел идентификува две мерки коишто треба да обезбедат механизми за заштита на лицата со попреченост во кризни ситуации, вклучувајќи соодветни протоколи, пристапни информации, пристапни засолништа, соодветна опрема и помагала за спасување и слично, но и

да ги зајакнат капацитетите на службениците за заштита и спасување на национално и локално ниво за постапување со лица со попреченост.

Немањето податоци и евиденција на населението со попреченост е идентификувано како клучен предизвик во вклучувањето на правата на лицата со попреченост во развојните процеси и политики на национално и локално ниво, со што се занимава седмата посебна цел. Оваа цел предвидува политиките поврзани со правата на лицата со попреченост да се базираат на квалитетни податоци и да бидат обезбедени со соодветен буџет. Притоа, предвидени се две мерки, првата, за воспоставување систем за евиденција и собирање расчленети податоци за лицата со попреченост, на национално, но и на локално ниво, што ќе овозможи активностите коишто ги спроведува државата и релевантните чинители да одговараат на динамичните потреби на лицата со попреченост. Дополнително, имајќи предвид дека соодветното буџетирање е единствениот начин политиките да се преточат во реалност, оваа цел предвидува воведување буџетирање коешто е чувствително на попреченоста (Disability Sensitive Budgeting).

---

ОПШТА ЦЕЛ: **Лицата со попреченост самостојно одлучуваат, ги уживаат своите права на еднаква основа со другите и активно учествуваат во сите сфери на општествениот живот**

Показател на успешност:

Бројот на лицата со попреченост коишто сметаат дека имаат еднакви можности како останатите граѓани е зголемен за %

Посебна цел 1: **Лицата со попреченост имаат знаења и вештини за концептот за еднаквост и недискриминација**

Показател на успешност:

% од лицата со попреченост знаат како да се заштитат од дискриминација

Мерки:

1.1. Зајакнување на капацитетите на лицата со попреченост и нивните претставнички организации

1.2. Зајакнување на капацитетите на јавните и приватните чинители за концептот на еднаквост и недискриминација

Посебна цел 2: **Лицата со попреченост активно учествуваат во јавниот, политичкиот живот и демократските процеси**

Показател на успешност:

Секое лице со попреченост има можност да го оствари своето избирачко право

Мерки:

2.1. Создавање механизми за ефикасно учество на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот

2.2. Обезбедување пристапност на избирачките места и опкружувањето во остварување на пасивното и активното избирачко право

Посебна цел 3: **Лицата со попреченост имаат еднаков пристап до правда, информиран избор и поддржано одлучување**

Показател на успешност:

Воспоставени сервиси и програми во заедницата за носење информиран избор и поддржано донесување одлуки

Мерки:

3.1. Обезбедување на информациите во пристапен формат и олеснување на и процедурите за лицата со попреченост.

3.2. Развивање на сервиси во заедницата за носење информиран избор и поддржано донесување одлуки

Посебна цел 4: **Зајакнати механизми за имплементација и мониторинг на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост со активно вклучување на лицата со попреченост и нивните организации**

Показател на успешност:

НКТ за имплементација на КПЛП и Механизмот за следење на имплементацијата на КПЛП располагаат со ресурси и имаат клучна улога во спроведувањето на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост

Мерки:

4.1. Зајакнување на капацитетите на НКТ за имплементација на КПЛП

4.2. Зајакнување на капацитетите на Механизмот за следење на имплементацијата на КПЛП

Посебна цел 5: **Лицата со попреченост се заштитени од сите облици на насилство, злоупотреба, запоставување и експлоатација**

Показател на успешност:

Лицата со попреченост имаат пристап до 30 нови услуги за заштита, како и поддршка во случај на насилство

Мерки:

5.1. Обезбедување информации, превенција од родово базирано и семејно насилство и родово и возрасно сензитивна помош и поддршка за сите облици на заштита од експлоатација, насилство и злоупотреба

5.2. Обезбедување пристапни и достапни сервиси за преживеаните лица на родово базирано/семејно насилство

5.3. ајакнување на капацитетите на професионалците коишто работат на превенција, идентификација, пријавување и заштита на преживеани деца и возрасни лица на родово базирано и семејно насилство, како и постапување во согласност со принципот на должно внимание

## Посебна цел 6: **Лицата со попреченост ги остваруваат своите права во кризни ситуации**

Показател на успешност:
Системот за заштита и спасување е надграден со протоколи за инклузивна заштита и спасување

### Мерки:

6.1. Обезбедување механизми за заштита на лицата со попреченост во кризни ситуации

6.2. Зајакнување на капацитетите на службениците за заштита и спасување на национално и локално ниво за постапување со лица со попреченост

## Посебна цел 7: **Политиките поврзани со правата на лицата со попреченост се базираат на квалитетни податоци и се обезбедени со соодветен буџет**

Показател на успешност:
Државата има евиденција и релевантни показатели за лицата со попреченост

### Мерки:

7.1. Воспоставување систем за евиденција и релевантни показатели (расчленети податоци) за лицата со попреченост

7.2. Воведување буџетирање коешто е чувствително на попреченоста (Disability Sensitive Budgeting)



Приоритетна област 3:

# ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА



## Резиме на политиките

Лицата со попреченост имаат право на квалитетна, пристапна и достапна здравствена заштита, без дискриминација врз основа на попреченост. Здравствената заштита треба да обезбеди превенција, рана детска идентификација и интервенција, здравствена рехабилитација, како и услуги коишто ќе ја минимизираат или превенираат појавата на дополнителна попреченост, особено кај децата и постарите лица.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да го унапреди здравствениот систем за сите граѓани, да ја подобри пристапноста на здравствениот систем, како и да обезбеди низа специфични здравствени услуги коишто им се потребни на лицата со попреченост.

Општата стратешка цел предвидува обезбедување здравствена сигурност и пристапност на здравствениот систем. За остварување на општата цел, Стратегијата поставува три посебни цели.

Првата посебна цел е насочена кон унапредување на здравствениот систем на сите нивоа на здравствена заштита за лицата со попреченост. Мерките вклучуваат унапредување на системот за рана детска интервенција во здравствената заштита, преку унапредување на протоколите за рана детекција, дијагностика и третман кај децата со попреченост, како и третман на лицата со попреченост. Предвиден е развој на систем за континуирана едукација и градење на капацитетите на давателите на здравствени услуги, како што се семејните лекари и педијатри, гинеколозите, патронажните служби, итн. за работа со деца и лица со попреченост и нивните семејства. Со оглед на ограничените капацитети на здравствениот систем, се предвидуваат мерки за институционално зајакнување и проширување на здравствените услуги коишто им се неопходни на лицата со попреченост, како што се: услуги за рана детекција, дијагностика, рана интервенција и рехабилитација, советување за лицата со попреченост и нивните семејства, итн., но и зајакнување на инфраструктурата и човечките ресурси, како и механизмите за соработка. Со оглед на идентификуваните предизвици во областа на сексуалното и репродуктивното здравје, предвидени се мерки и активности за унапредување на политиките коишто се однесуваат на сексуално, репродуктивно здравје и формирање семејство, како и зајакнување на капацитетите на здравствените работници за сексуално и репродуктивно здравје.

**Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да го унапреди здравствениот систем за сите граѓани, да ја подобри пристапноста на здравствениот систем,**

Непристапноста на здравствените установи, но и недостапноста во местото на живеење, се дел од клучните предизвици со коишто се соочуваат лицата со попреченост. Затоа, втората посебна цел предвидува олеснување на пристапот до здравствените услуги за децата и лицата со попреченост и нивните семејства, преку доближување на здравствените услуги до местото на живеење, ефикасна координација, како и обезбедување целосна пристапност на здравствените институции и информации согласно индивидуалните потреби на лицата со попреченост. Дополнително, се предвидува и мерка за воспоставување услуга за поддршка во донесување информирана согласност на лицата со попреченост во здравствениот систем.

Правата на лицата со попреченост не можат да станат реалност без поддршка за личната мобилност и комуникација. Затоа, третата посебна цел предвидува лицата со попреченост да имаат пристап до современа асистивна технологија, ортопедски помагала и лекови во здравствениот систем и медицинска и физикална рехабилитација, што ќе овозможи мобилност, информираност, комуникација, образование и личен развој. Мерките предвидуваат унапредување на системот за остварување на

правото на лична мобилност, преку пристап до современи ортопедски и други помагала и друга асистивна технологија согласно функционалноста и индивидуалните потреби на лицата со попреченост, проширување и ажурирање на позитивната листа на лекови, како и зголемување на бројот на специјализиран кадар, едукација на постојниот и новиот кадар за најновите трендови во обласста на ортози, протетика, импланти, медицинска рехабилитација, итн. Се предвидува и обезбедување поширока достапност на услугите од медицинска и физикална рехабилитација за лицата со попреченост.

---

ОПШТА ЦЕЛ: **Здравствена сигурност и пристапност на здравствениот систем**

Показател на успешност:

Бројот на лицата со попреченост коишто сметаат дека здравствените услуги се пристапни и достапни е зголемен за %

Посебна цел 1: **Унапреден здравствен систем на сите нивоа на здравствена заштита за лицата со попреченост**

Показател на успешност:

Здравствениот систем обезбедува 30 нови услуги за детекција, рехабилитација и хабилитација низ целата територија на државата

Мерки:

1.1. Унапредување на системот за рано откривање и интервенција на деца во здравствената заштита

1.2. Институционално зајакнување на здравствените установи и обезбедување на здравствени услуги за деца и лица со попреченост

1.3. Воспоставување систем за континуирана едукација и градење на капацитетите на давателите на здравствени услуги за работа со деца и лица со попреченост и нивните семејства

1.4. Вклучување на попреченоста во законите и политиките коишто се однесуваат на сексуално, репродуктивно здравје и формирање семејство

1.5. Усогласување на правната рамка со КПЛП, со учество на лицата со попреченост

Посебна цел 2: **Олеснет пристап до здравствените услуги на децата и лицата со попреченост и нивните семејства во здравствениот систем**

Показател на успешност:

Здравствените установи се физички пристапни и обезбедуваат пристапни информациите и услуги

## Мерки:

2.1. Воспоставување систем за ефикасна пристапност и достапност до здравствените услуги за децата и лицата со попреченост и нивните семејства на сите нивоа на здравствена заштита

2.2. Воспоставување услуга за поддршка во донесување информирана согласност на лицата со попреченост во здравствениот систем

## Посебна цел 3:

**Лицата со попреченост имаат пристап до современа асистивна технологија, ортопедски помагала и лекови во здравствениот систем**

Показател на успешност:

Лицата со попреченост имаат пристап до помагалата и лековите коишто им се потребни

## Мерки:

3.1. Обезбедена достапност до современа асистивна технологија, ортопедски помагала, лекови во здравствениот систем

3.2. Обезбедување поширока достапност на услуги од медицинска и физикална рехабилитација за лицата со попреченост во местото на живеење



## Приоритетна област 4:

# ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НЕЗАВИСНО ЖИВЕЕЊЕ



## Резиме на политиките



Соодветната социјална заштита, заедно со вработувањето, е основен предуслов за осигурување адекватен приход којшто ќе обезбеди достоинствен стандард на живот за лицата со попреченост и нивните семејства и ќе ги заштити од сиромаштија.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да го унапреди системот на детска и социјална заштита, во насока на овозможување независно живеење на лицата со попреченост.

Општата стратешка цел предвидува до 2030 година да обезбеди зголемена покриеност и пристап до квалитетни услуги за децата и лицата со попреченост и нивните семејства, како поддршка за независен живот и соодветен стандард  на живеење. За остварување на општата цел, Стратегијата поставува четири посебни цели.

Првата посебна цел е насочена кон подобрување на квалитетот, опфатот и услугите во предучилишните установи за згрижување и воспитание за деца. Оваа цел предвидува мерка за зголемување на опфатот на деца со попреченост во предучилишните установи, преку зголемување на капацитетите за згрижување, подобрување на пристапноста, соодветно доопремување за работа со деца со попреченост, изработка на материјали во различни пристапни јазици и формати, како и зголемување на информираноста на родителите, но и афирмативни мерки за вклучување на децата со попреченост во предучилишните установи. Во оваа цел предвидени се и мерки за зајакнување на вештините и компетенциите на персоналот во предучилишните установи за работа со деца со попреченост, водење досие за секое дете со попреченост и негова транзиција од предучилишните установи во основното образование. Со оглед на недостигот на предучилишни образовни установи во државата, во рамките на оваа стратешка цел се предвидени активности за поттикнување алтернативни форми на предучилишно образование, согласно Законот за заштита на деца, со активна улога на родителите на децата со попреченост.

Втората посебна цел е насочена кон унапредување на социјалните услуги за децата и лицата со попреченост во заедницата. Мерките предвидуваат зајакнување на капацитетите на постоечките лиценцирани даватели на социјални услуги, преку континуирана едукација, унапредување на системот за акредитација, вклучување на критериумот за задолжителна примена на пристапот на човекови права кон лицата со попреченост, како и поттикнување на организациите на лица со попреченост, но и самите лица да се јават како даватели на услуги. Предвидени се и мерки за воспоставување систем за мониторинг и оценка на квалитетот на испораката на социјалните услуги, преку зајакнување на капацитетите на инспекциските служби, земање предвид на правата на лицата со попреченост при оценка на квалитетот на социјалните услуги, како и зајакнување на системот на мониторинг и оценка на социјалните услуги што се обезбедуваат на локално ниво. За подобар одговор на потребите на децата и лицата со попреченост и нивните семејства предвидено е развивање нови социјални услуги на локално ниво, како што се персонализирани социјални услуги, социјални услуги коишто ги обезбедуваат лицата со попреченост, врсничка поддршка, програми за родители, итн., како и воведување комбинирани социјално-здравствени услуги, како што се мобилните служби. Оваа стратешка цел предвидува и мерки за унапредување на меѓуресорската и меѓусекторската координација и комуникација помеѓу институциите на национално и локално ниво, со поголема вклученост и застапеност на организациите на лицата со попреченост и самите лица со попреченост.

**За подобар одговор на потребите на децата и лицата со попреченост и нивните семејства предвидено е развивање нови социјални услуги на локално ниво**

Третата посебна цел предвидува до 2030 година правата на социјални парични надоместоци да ги следат потребите на корисникот и да овозможат соодветен животен стандард. Мерките вклучуваат подобрување на законската рамка и подзаконските акти за остварување на правата за социјални парични надоместоци и правата од пензиско и инвалидско осигурување, во насока на надминување на бирократските процедури, дигитализирање на процесите и обезбедување трајни решенија за користење на правото на поддршка од трето лице за лицата коишто имаат трајна состојба на попреченост. За да се превенира социјална исклученост на лицата со попреченост, предвидено е обезбедување дополнителна поддршка на лицата и семејствата со несоодветен животен стандард.

Четвртата посебна цел се стреми да обезбеди независен и самостоен живот на лицата со попреченост во заедницата. Оваа цел предвидува мерки за подобрување на условите и квалитетот за независен и самостоен во заедницата за лицата со попреченост, како што се поддршка на биолошките семејства на лицата со попреченост преку обезбедување на сервиси за поддршка во домот за семејството како и за лицето со попреченост, промоција на системот за згрижувачки семејства, поддршка на згрижувачките семејства во обезбедување на улогата згрижувач, развој и спроведување програми за семејно советување на семејствата со дете или возрасен со попреченост и родители со попреченост, унапредување на услугата за лична асистенција, како и едукација на лицата со попреченост и организациите на лица со попреченост тие бидат даватели на услугата. Се планира и формирање центри за рехабилитација и хабилитација за осамостојување на лицата со попреченост, едукација и поддршка на лицата коишто се деинституционализирани, за нивно интегрирање во заедницата.

ОПШТА ЦЕЛ: **Зголемена покриеност и пристап до квалитетни услуги за децата и лицата со попреченост и нивните семејства**

Показател на успешност:

Бројот на лицата со попреченост коишто сметаат дека имаат пристап до квалитетни социјални услуги е зголемен за %

Посебна цел 1: **Подобрен квалитет, опфат и услуги во предучилишните установи за згрижување и воспитание за деца**

Показател на успешност:

Бројот на деца со попреченост во предучилишните установи е зголемен за %

## Мерки:

1.1. Зголемување на опфатот на деца со попреченост во предучилишните установи

1.2. Обезбедување алтернативни форми за згрижување на деца од предучилишна возраст, со акцент на деца со попреченост

1.3. Зајакнување на вештините и компетенциите на персоналот во предучилишните установи за работа со деца со попреченост

## Посебна цел 2: **Унапредени социјални услуги за децата и лицата со попреченост во заедницата**

Показател на успешност:

Бројот на социјални услуги на локално ниво е зголемен за %

## Мерки:

2.1. Зајакнување на капацитетите на постоечките лиценцирани даватели на социјални услуги

2.2. Воспоставување систем за мониторинг и оценка на квалитетот на испорака на социјалните услуги

2.3. Развивање нови социјални услуги на локално ниво

2.4. Воведување комбинирани социјално-здравствени услуги

2.5. Подобрување на законската рамка и подзаконските акти за обезбедување на услугите на национално и локално ниво

2.6. Унапредување на меѓуресорската координација и комуникација помеѓу институциите на национално и локално ниво

## Посебна цел 3: **Правата на социјални парични надоместоци ги следат потребите на корисникот**

Показател на успешност:

Променет модел за остварување на парични надоместоци согласно функционалните потреби

## Мерки:

3.1. Подобрување на законската рамка и подзаконските акти за остварување на правата за социјални парични надоместоци

3.2. Подобрување на законската рамка и подзаконските акти за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување

3.3. Обезбедување дополнителна поддршка на лицата и семејствата со несоодветен животен стандард за превенција од социјална исклученост и за превенција од сместување во алтернативна грижа на децата или лицата со попреченост

## Посебна цел 4: **Лицата со попреченост живеат независен и самостоен живот во заедницата**

Показател на успешност:

Бројот на корисници на услугите за независен и самостоен живот е зголемен за %

## Мерки:

4.1. Подобрување на условите и квалитетот за независен и самостоен во заедницата за лицата со попреченост

## Приоритетна област 5:
# ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ





## Резиме на политиките

Образованието, на индивидуално ниво, овозможува развој на потенцијалите, дигнитет и само-реализација, а на колективно ниво ги поставува темелите на инклузивното општество и борба против сиромаштијата.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да создаде инклузивно и квалитетно образование, во коешто нема место за дискриминација. Тоа образование е базирано на пристапот на човекови права, учениците со попреченост ги гледа како еднакви со другите и ги поддржува да постигнуваат резултати, да ги реализираат своите потенцијали и да ја развиваат својата личност и таленти.

Општата стратешка цел предвидува во 2030 година државата да обезбеди инклузивно и квалитетно образование и можности за доживотно учење за

децата и лицата со попреченост. За остварување на општата цел, Стратегијата поставува четири посебни цели.

Првата посебна цел е насочена кон создавање пристапен и достапен образовен систем. Предвидените мерки вклучуваат подобрување на пристапноста и достапноста и осигурување квалитет на образовниот систем, започнувајќи од отстранување на физичките бариери за пристап до образовните институции, обезбедување материјали и учебници во различни пристапни формати за учениците со попреченост, соодветно кадровско екипирање и зајакнување на капацитетите на наставниот кадар и едукација на училишните тимови, како и развој на нови програми, како музикотерапија, приходрама, уметност, итн. Мерките предвидуваат подобрување на инклузивните практики, особено во средното образование.

Сржта на инклузивното образование е соодветната, континуирана и персонализирана поддршка на учениците со попреченост. Стратегијата предвидува сет мерки и активности за унапредување на инклузивната практиката и континуирана поддршка за квалитетна и флексибилна настава, како што се: доекипирање на тимовите за инклузија, подобрување на квалитетот на предучилишните и училишните образовни програми, обезбедување образовни асистенти за поддршка при учењето во основното и средното образование, развивање модели за врсничка поддршка, поттикнување учеството на децата и младите со попреченост во процесите на ученичко и студентско организирање, итн. Дополнително, оваа мерка ги зема предвид и потребите за образование на учениците коишто се на подолго домашно или болничко лекување, како и оние коишто се дел од институционални или вонинституционални форми на сместување.

Семејствата на лицата со попреченост играат клучна улога во образованието на лицата со попреченост. Затоа, оваа цел предвидува мерки и активности за унапредување на системот за поддршка за семејствата, јакнење на вештините на родителите на деца и лица со попреченост, информирање и вмрежување.

**Семејствата на лицата со попреченост играат клучна улога во образованието на лицата со попреченост.**

Втората посебна цел за обезбедување инклузивно и квалитетно образование е насочена кон зајакнување на професионалните компетенции на воспитно-образовниот и наставен кадар за работа со деца и лица со попреченост. Мерките вклучуваат унапредување на постоечките програми на универзитетите, развивање нови програми за едукација на кадри во одредени специфични области, како и континуиран професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар за работа со лица со попреченост. Во таа линија се планира воведување инклузивно образование на педагошките и наставничките факултети, факултетите за социјална работа и психологија, осовременување на студиската програма на факултетот за

специјална едукација и рехабилитација, и воведување студии за окупациони терапевти и рана интервенција. Предвидена е континуирана задолжителна едукација на воспитно-образовниот кадар согласно потребите на учениците со попреченост, како и взаемна наставничка поддршка и споделување искуства. Со оглед на ниската застапеност на наставници со попреченост во образовниот систем, во рамките на оваа стратешка цел се планираат афирмативни мерки коишто ќе поддржат вработување и континуирана едукација на наставници со попреченост.

Третата посебна цел се фокусира на унапредување на законската рамка и политиките за инклузивно образование на сите нивоа, како и нивно доследно спроведување, за да се обезбедат подобри образовни услуги и ефективна транзиција и проодност во повисоките нивоа на образование на лицата со попреченост. Мерките вклучуваат координиран систем на следење на напредокот на учениците, индивидуална помош и поддршка во системот на образование и образование на возрасни, професионална ориентација и кариерно советување, прилагодување на наставните програми, но и зголемување на свеста за инклузивното образование, човековите права и градење култура на почитување на различностите во образовниот систем.

---

## ОПШТА ЦЕЛ:

**Инклузивно и квалитетно образование и можности за доживотно учење**

Показател на успешност:

Бројот на ученици со попреченост коишто завршиле средно образование е зголемен за %

## Посебна цел 1:

**Пристапен и достапен образовен систем**

Показател на успешност:

Спроведени стандарди за инклузивно образование

### Мерки:

1.1. Подобрување на пристапноста на образовниот систем

1.2. Унапредување на достапноста и осигурување квалитетен образовен систем

1.3. Подобрување на инклузивните практики во средното образование

1.4. Унапредување на поддршката на учениците за подобри образовни постигнувања

1.5. Унапредување на системот за поддршка за семејствата и јакнење на вештините на родителите на деца и млади со попреченост

## Посебна цел 2:

**Зајакнати професионалните компетенции на воспитно-образовниот кадар за работа со ученици со попреченост**

Показател на успешност:

Бројот на наставници коишто имаат вештини за работа со деца со попреченост е зголемен за %

## Мерки:

2.1. Унапредување на постоечките и развивање на нови студиски програми за едукација на воспитно-образовен кадар

2.2. Обезбедување континуиран професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## Посебна цел 3: **Унапредена законска рамка и политики за образование на сите нивоа**

Показател на успешност:

Зголемена проодност на учениците низ различните нивоа на образование за минимум %

## Мерки:

3.1. Обезбедување ефективна транзиција и проодност од основно, средно и високо образование, поддршка и подготовка за вработување

3.2. Зајакнување на капацитетите на националните институции за креирање и следење на инклузивните политики и практики



## Приоритетна област 6:
# ВРАБОТУВАЊЕ И ПРАВО НА РАБОТА




## Резиме на политиките

Активното учество на лицата со попреченост на пазарот на трудот е еден од најдобрите начини да се осигура нивната економска независност и социјална инклузија. Приоритетната област „Вработување и право на работа“ го адресира прашањето на влез на лицата со попреченост на пазарот на трудот, обезбедување соодветни работни услови и поддршка, стручно оспособување, задржување на работното место и достоинствена работа.

Стратешката цел се однесува на вработувањето и работните односи на лицата со попреченост и е насочена кон тоа да обезбеди услови и еднакви можности за учество на лицата со попреченост на пазарот на труд до 2030 година. Еден од поголемите предизвици во оваа стратешка цел е забраната на дискриминација врз основа на попреченост во сите форми, сектори и нивоа на работа, како и целосна примена на пристапот базиран на човекови права и отфрлање на пристапот на проценка на можно-

стите, кој ја поставува општествената предрасуда за помалата можност на лицата со попреченост во однос на лицата без попреченост, како и целосно отфрлање на системот за процена на лицата со попреченост на пазарот на трудот. Секако не помалку важно е воспоставувањето систем за поддршка при вработување на лицата со попреченост, преку новиот систем на професионална рехабилитација.

**Секако не помалку важно е воспоставувањето систем за поддршка при вработување на лицата со попреченост, преку новиот систем на професионална рехабилитација.**

Следејќи ги обврските од КПЛП, во рамките на оваа стратешка цел се идентификувани три посебни цели коишто треба да го унапредат учеството на лицата со попреченост на пазарот на трудот, да овозможат ефективна застапеност и учество во јавниот живот и да ја зголемат вработливоста на лицата со попреченост преку зајакнување на нивните вештини и квалификации и преку сензибилизација на бизнис заедницата и лицата без попреченост за способностите и вештините коишто ги имаат лицата со попреченост.

Првата стратешка цел се фокусира на зголемување на вработливоста и остварување на правото на работа на лицата со попреченост, во согласност со потребите на пазарот на трудот. Во оваа линија се предлагаат мерки и активности за развој на нови вештини преку обезбедување техничко и стручно насочување, континуирана обука, како и признавање на неформалното образование кај лицата со попреченост.

Втората стратешка цел е насочена кон поддршка при барањето работа и поттикнување на вработувањето на лица со попреченост, како на отворениот пазар на труд, така и во јавната администрација. Дополнително внимание се посветува на невработените млади лица со попреченост.

Третата стратешка цел е насочена кон воспоставување систем за поддршка на лицата со попреченост за задржување и унапредување на позицијата на пазарот на труд, при што фокусот е на подобрување на перцепцијата и очекувањата за способноста на лицата со попреченост на работното место, како и поттикнување на вработување и самовработување.

ОПШТА ЦЕЛ: **Обезбедени услови и еднакви можности за учество на лицата со попреченост на пазарот на трудот**

Показател на успешност:

Бројот на вработени лица со попреченост е зголемен за %

Посебна цел 1: **Зголемена вработливост и остварување на право на работа на лицата со попреченост**

Показател на успешност:

Бројот на лица со попреченост коишто користеле мерки за вработување е зголемен за %

## Мерки:

1.1. Развој на нови вештини за нови работни места за лицата со попреченост

## Посебна цел 2: **Развиен систем за поддршка при вработувањето и барање работа на лицата со попреченост на пазарот на труд**

Показател на успешност:

Бројот на мерки за поддршка при вработувањето и барањето работа на лицата со попреченост е зголемен за %

## Мерки:

2.1. Поттикнување на пристап до квалитетни и одржливи работни места

2.2. Обезбедување на систем за поддржано вработување на лицата со попреченост

2.3. Зајакнување на социјалниот дијалог и унапредување на колективното договарање

2.4. Зајакнување на меѓуинститцуоналната соработка и воспоставување систем на мониторинг на вработувањето лица со попреченост

## Посебна цел 3: **Развиен систем за поддршка на лицата со попреченост за задржување и унапредување на позицијата на пазарот на труд**

Показател на успешност:

% од лицата со попреченост го користат системот за поддршка и ги задржале своите работни места

## Мерки:

3.1 Промена на перцепцијата и очекувањата на луѓето за способноста на лицата со попреченост на работното место

3.2 Обезбедување поддршка на бизнис заедницата и поттикнување на самовработувањето кај лицата со попреченост


Accessible for the
Visually Impaired

Приоритетна област 7:

# ЛОКАЛНИ ИНКЛУЗИВНИ ЗАЕДНИЦИ



## Резиме на политиките

Реалниот живот на граѓаните се случува во локалните заедници. Преку јавните локални услуги коишто ги обезбедуваат, општините и градовите во голема мера влијаат врз квалитетот на живот на сите граѓани, вклучувајќи ги и лицата со попреченост. Ниту една национална стратегија не може да биде успешна доколку не ги мобилизира сите нивоа на власт и сите институции, со координиран пристап. Дополнително, тоа што честопати го нарушува квалитетот на живот и остварувањето на човековите права е недостатокот на соодветни услуги во местото на живеење. Затоа, Националната стратегија за правата на лицата со попреченост ги нагласува локалните инклузивни заедници како една од приоритетните области.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да создаде инклузивни локални заедници, коишто ги мапираат потребите на лицата со по-

преченост, дизајнираат и спроведуваат соодветни политики и обезбедуваат локални услуги коишто одговараат на тие потреби, истовремено промовирајќи инклузија, остварување на човековите права на лицата со попреченост и антидискриминација.

**Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година да имаме сеопфатни, координирани и кохерентни локални политики**

Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година да имаме сеопфатни, координирани и кохерентни локални политики коишто го подобруваат квалитетот на живот на лицата со попреченост.

Првата посебна цел се фокусира на зајакнување на капацитетите на општините и другите релевантни чинители на локално ниво за КПЛП. Овде се опфатени општинската администрација, донесувачите на одлуки, но и сите оние коишто можат да имаат улога во примената на КПЛП при креирањето политики и развивањето социјални услуги на локално ниво, како што се советите на општините, советодавните општински тела, центрите за развој на планските региони, здруженијата, итн. Мерките предвидуваат јакнење на нивните капацитети, мапирање на лицата со попреченост и нивните потреби, зголемување на бројот и опфатот на локални и регионални услуги коишто одговараат на идентификуваните потреби, унапредување на меѓуопштинската координација и соработка за испорака на услуги за лицата со попреченост, обуки на вработените лица за изучување на основно (елементарно) ниво на знаковниот јазик, како и зајакнување на капацитетите за инспекција во насока на обезбедување пристапност и остварување на правата на лицата со попреченост. Спроведувањето на планираните мерки е единствено можно доколку процесот на децентрализација продолжи да се унапредува и доколку се зајакне улогата на општините во спроведувањето и финансирањето на децентрализирани социјални услуги.

Втората посебна цел се занимава со правата и потребите на лицата со попреченост, нивно препознавање и вклучување во сите регионални и локални политики. Мерките вклучуваат јакнење на капацитетите на општинската администрација за партиципативно креирање политики и интегрирање на прашањето на попреченоста низ интерсекциски пристап. Се предвидува подобрување на пристапот на лицата со попреченост до информациите и услугите коишто се обезбедуваат од страна на општините, како и нивно вклучување во креирањето на локалните политики.

Имајќи предвид дека соодветното буџетирање е единствениот начин политиките да се преточат во реалност, во приоритетната област „Еднаквост, пристап до правда и активно учество во јавниот и политичкиот живот“ Стратегијата предвиде мерка за воведување буџетирање коешто е чувствително на попреченоста (Disability Sensitive Budgeting). Во истата

насока, третата посебна цел во приоритетната област „Инклузивни заедници“ се однесува на воведување буџетирање коешто е чувствително на попреченоста на локално ниво. Со оглед на тоа што оваа проблематика е нова на национално и локално ниво, мерките предвидуваат јакнење на капацитетите на градоначалниците, советите и општинската администрација, анализа на постоечките буџети, како и препораки за нивно унапредување. Дополнително, се предвидува да се работи на изготвување локални буџети коишто се чувствителни на попреченоста, низ партиципативен процес, со учество на лицата со попреченост и нивните организации, што ќе овозможи одговор на мапираните потреби и обезбедување персонализирани услуги за лицата со попреченост.

ОПШТА ЦЕЛ: **Сеопфатни, координирани и кохерентни локални политики за подобрување на квалитетот на животот лицата со попреченост**

Показател на успешност:
Сите ЕЛС спроведуваат активности за унапредување на правата на лицата со попреченост

Посебна цел 1: **Зајакнати капацитети на општините и другите релевантни чинители на локално ниво за правата на лицата со попреченост**

Показател на успешност:
% од вработените во ЕЛС имаат познавања за правата на лицата со попреченост

Мерки:

1.1. Јакнење на капацитетите на општините, советодавните општински тела, советите на општините, центрите за развој на планските региони, здруженијата, итн. за примената на КПЛП при креирање политики и развивање социјални услуги на локално ниво

1.2. Зголемување на бројот и опфатот на локални и регионални услуги за лицата со попреченост

1.3. Зајакнување на институционалните капацитети и зголемување на човечките ресурси на регулаторните тела и инспекторатот во областа на урбанизам и просторно планирање

1.4. Унапредување на меѓуопштинската координација и соработка за испорака на услуги за лицата со попреченост

## Посебна цел 2:

**Потребите и правата на лицата со попреченост се препознаени и вклучени во сите регионални и локални политики**

Показател на успешност:

% од регионалните и локалните политики коишто се донесени низ партиципативен процес вклучиле лица со попреченост

### Мерки:

2.1. Јакнење на капацитетите на општинската администрација за партиципативно креирање политики и интегрирање на прашањето на попреченоста низ интерсекциски пристап

## Посебна цел 3:

**Воведено буџетирање коешто е чувствително на попреченоста на локално ниво (Disability sensitive budgeting)**

Показател на успешност:

% од општините примениле буџетирање чувствително на попреченоста

### Мерки:

3.1. Јакнење на капацитетите на градоначалниците, советите и општинската администрација за креирање годишни буџети коишто се чувствителни на попреченоста

## Приоритетна област 8:
# ЈАВНА СВЕСТ



## Резиме на политиките

Остварувањето на правата на лицата со попреченост мора да биде проследено со унапредување на јавната свест на општеството, затоа што со своето однесување, секој граѓанин може да придонесе лицата со попреченост да ја уживаат еднаквоста за којашто се залага оваа Стратегија. КПЛП, како и Унија на еднаквост: стратегијата за правата на лицата со попреченост на Европската Унија препорачуваат мерки за јакнење на јавната свест, борба против стереотипите, предрасудите и штетните практики кон лицата со попреченост, но и промовирање на способностите и придонесот на лицата со попреченост во општеството. Во таа насока, Националната стратегија за правата на лицата со попреченост ја нагласува јавната свест како една од приоритетните области.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да ја зајакне свеста за правата на лицата со попреченост, да промовира позитивни перцепции, поголема свест за придонесот и поголемо присуство на лицата со попреченост во медиумите и во јавниот живот.

Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година институциите во јавниот сектор, како и сите чинители во општеството да имаат развиена свест за попреченоста како дел од човековата различност.

Првата посебна цел е насочена кон промена на перцепцијата за попреченоста и лицата со попреченост во јавноста, а предвидува мерки за унапредување на медиумската писменост кон менување на перцепциите за лицата со попреченост, вклучувајќи усогласување на медиумското законодавство со КПЛП, овозможување пристапни медиумски содржини (пр. со превод на знаковен јазик), креирање содржини коишто се однесуваат на правата на лицата со попреченост, кампањи за промоција на правата на лицата со попреченост, итн.

**Се предвидува сензибилизација на медиумите и сите чинители во општеството, преку обуки, унапредување на етичкиот кодекс на новинарите и ревизија на наставните програми на факултетите за новинарство,**

Втората посебна цел се фокусира на зајакнување на капацитетите, зголемување на самодовербата и видливоста на лицата со попреченост. Се предвидува сензибилизација на медиумите и сите чинители во општеството, преку обуки, унапредување на етичкиот кодекс на новинарите и ревизија на наставните програми на факултетите за новинарство, медиуми, комуникации и односи со јавност. Исто така, се предвидува воведување механизам за спречување говор на омраза заснован на попреченост, преку зајакнување на капацитетите на медиумите и новинарите, но и капацитетите на лицата со попреченост и нивните организации, за препознавање говор на омраза, клевета и навреда кон лицата со попреченост.

Третата посебна цел се стреми правата на лицата со попреченост да станат дел од медиумската култура. Предвидените мерки вклучуваат зголемување на учеството на лицата со попреченост во медиумскиот простор, како експерти, новинари, истражувачи и уредници, како и зајакнување на мониторингот за вклучување на прашањето на попреченоста во медиумскиот сектор.

ОПШТА ЦЕЛ: **Институциите во јавниот сектор, како и сите чинители во општеството имаат развиена свест за попреченоста како дел од човековата различност**

Показател на успешност:
Прифаќањето на лицата со попреченост како еднакви граѓани во општеството е зголемено за %

Посебна цел 1: **Променета перцепција за попреченоста и лицата со попреченост во јавноста**

Показател на успешност:
Пристапот кон лицата со попреченост заснован на човекови права е дел од етичкиот кодекс на новинарите

Мерки:

Подобрување на јавната перцепција за лицата со попреченост од општата јавност и од самите лица со попреченост

Посебна цел 2: **Изградени капацитети, зголемена самодоверба и видливост на лицата со попреченост**

Показател на успешност:
Секој од националните медиуми има барем еден обучен уредник за правата на лицата со попреченост

Мерки:

2.1. Сензибилизација на медиумите и сите чинители во општеството

2.2. Воведување механизам за спречување говор на омраза заснован на попреченост

Посебна цел 3: **Правата на лицата со попреченост се дел од медиумската култура**

Показател на успешност:
Бројот на лица со попреченост коишто се присутни во медиумите низ позитивни примери е зголемен за %

Мерки:

3.1. Зголемување на учеството на лицата со попреченост во медиумскиот простор

3.2. Зајакнување на мониторингот за вклучување на прашањето на попреченоста во медиумскиот сектор



## Приоритетна област 9:
# КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА






## Резиме на политиките

Пристапните и инклузивни култура, спорт, туризам и рекреација играат важна улога во комплетното учество на луѓето во општеството. Тие ја подобруваат благосостојбата и им овозможуваат на луѓето, вклучително и на лицата со попреченост, да ги искористат и развиваат своите потенцијали. Државата треба да овозможи децата и лицата со попреченост да имаат пристап до културни, спортски и рекреативни содржини, да поттикне нивно учество во културниот и спортскиот живот, како и развивање на нивните уметнички и спортски потенцијали.

Во оваа приоритетна област, Стратегијата се стреми да ги зголеми можностите за лицата со попреченост за активно учество во културата, уметноста, спортот и рекреацијата, но и да создаде култура на инклузивни културни, рекреативни и спортски настани, чијшто важен дел се лицата со попреченост.

Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година лицата со попреченост да бидат активно вклучени во креирањето содржини и да учествуваат во културните, спортските и рекреативните активности.

Првата посебна цел е насочена кон зголемување на можностите за спорт и рекреација на лицата со попреченост на национално и локално ниво. Оваа цел вклучува низа мерки коишто се однесуваат на зголемување пристапноста, видливост на достигнувањата на лицата со попреченост на културен, научен и спортски план, вклучување на лицата со попреченост во културни, спортски, научни и рекреативни активности, проширување на бројот на спортови за активно вклучување на лицата со попреченост, промоција и развој на нови адаптивни спортски дисциплини, како и промоција и развој на спортски дисциплини за параолимпијада и специјална олимпијада.

**Општата стратешка цел во оваа приоритетна област предвидува во 2030 година лицата со попреченост да бидат активно вклучени во креирањето содржини**

Втората посебна цел се стреми лицата со попреченост да бидат дел од културните збиднувања на национално и локално ниво. Предвидени се серија мерки насочени кон проширување на бројот на културни центри за активно вклучување на лицата со попреченост, ратификација на договорот од Маракеш со соодветен план за негова реализација, промоција и развој на инклузивни  културни и уметнички содржини и програми со активно учество на лицата со попреченост.

Третата посебна цел е насочена кон унапредување на туристичките локалитети и капацитети, културното и природното наследство за активна рекреација на лицата со попреченост. Мерките вклучуваат обезбедување пристапност до постоечките локалитети и објекти, унапредување на критериумите за категоризација на угостителските објекти со вклучување критериуми поврзани со пристапноста, обезбедување пристапни информации, надградба на знаењата на туристички водичи, куратори и кустоси, поттикнување на лицата со попреченост да станат дел од тимовите, итн.

## ОПШТА ЦЕЛ:

**Лицата со попреченост се активно вклучени во креирањето содржини и учествуваат во културни, спортски и рекреативни активности**

Показател на успешност:

40% од лицата со попреченост учествувале во културни, спортски и рекреативни активности во последните шест месеци

## Посебна цел 1:

**Зголемени можности за спорт и рекреација на лицата со попреченост на национално и локално ниво**

Показател на успешност:

Бројот на лица со попреченост коишто имаат пристап до спортски и рекреативни активности е зголемен за 30%

## Мерки:

1.1. Промоција и видливост на лицата со попреченост за придонесите и постигнувањата во општествениот живот

1.2. Вклучување на  лицата со попреченост во културни, спортски и рекреативни активности на национално и локално ниво

1.3. Проширување на бројот на спортови за активно вклучување на лицата со попреченост

1.4. Промоција и развој на нови адаптивни спортски дисциплини за лицата со попреченост

1.5. Промоција и развој на спортски дисциплини за параолимпијада, специјална олимпијада и останати спортски дисциплини

## Посебна цел 2:

**Лицата со попреченост се дел од културните збиднувања на национално и локално ниво**

Показател на успешност:

Бројот на културни институции коишто нудат можности за лицата со попреченост е зголемен за %

## Мерки:

2.1. Проширување на бројот на културни центри за активно вклучување на лицата со попреченост

2.2. Ратификација на договорот од Маракеш

2.3. Промоција и развој на инклузивни културни и уметнички содржини и програми со активно учество на лица со попреченост

## Посебна цел 3:

**Унапредени туристички локалитети и капацитети, културно и природно наследство за активна рекреација на лицата со попреченост**

Показател на успешност:

Бројот на пристапни туристички локалитети е зголемен за %

## Мерки:

3.1. Обезбедување пристапност на туристичките локалитети и капацитети на национално и локално ниво

3.2. Обезбедување пристапност на културното и природното наследство на национално и локално ниво



# 4. Рамка за следење, оценување и известување

## 4.1. Механизми за координација

**Министерството за труд и социјална политика е носител на Стратегијата и заедно со НКТ имаше клучна координативна улога во изработката на Стратегијата. Сепак, заради мултисекторската природа на стратегијата, нејзино успешно спроведување е единствено можно доколку се зајакнат институционалните капацитети и улогата на НКТ, коешто треба да ја преземе координацијата на спроведувањето на Стратегијата. Затоа, за почеток се планира координативната улога да ја имаат МТСП и НКТ заеднички, а постепено таа улога комплетно да ја преземе НКТ. Процесот на прибирање податоци и известување е опишан подолу. Во својата координативна улога, НКТ треба:**

- Да воспостави база на податоци и редовни канали на комуникација со релевантни службеници во секоја од надлежните институции и организации,
- Да ги јакне капацитетите на членовите на НКТ, коишто ќе имаат клучна улога во обезбедување податоци од институциите,
- Да вклучи дополнителни членови од други институции, според потребите од Стратегијата,
- Да ги автоматизира и дигитализира, колку што е тоа можно, процесите на прибирање податоци за следење на спроведувањето на Стратегијата, но и можните корективни мерки,

- Да воспостави канали на комуникација со лицата со попреченост и претставничките организации коишто учествуваа во подготовка на Стратегијата и останати заинтересирани организации,
- Да воспостави канали за комуникација со јавноста,
- Во координација со МТСП и СЕП, да воспостави механизми за координација на донаторската заедница, за да мобилизира ресурси за спроведување на Стратегијата.

За ова да биде остварливо, неопходно е веднаш да се формира Секретаријат на НКТ, со соодветен буџет.

Постоечката структура на Националното координативно тело ќе биде ставена во функција на координација на процесот на имплементација и собирање на податоци за степенот на реализација на активностите. За да се обезбеди дополнителна експертиза и поддршка на овој процес, освен членовите на НКТ, ќе се даде можност за вклучување на претставници од другите институции и организации.

**Постоечката структура на Националното координативно тело ќе биде ставена во функција на координација на процесот на имплементација и собирање на податоци за степенот на реализација на активностите**

НКТ по електронски пат ќе прибира податоци преку своите членови контакт лицата еднаш годишно за подготовка на Годишниот извештај, а за точноста и ажурноста на податоците ќе се потврдува со официјален допис од институциите.

За да се зголеми ефективноста во функционирањето на координативното тело, треба да се обезбеди организационен облик (Секретаријат) што ќе дава поддршка на процесот на координација на спроведувањето на Стратегијата и акциските планови, следење, известување и оценување на Стратегијата, а во координација со Министерството за труд и социјална политика.

За потребите на следење на Стратегијата, НКТ ќе одржува редовни координативни состаноци со членовите од министерствата задолжени за спроведување за да се обезбеди редовна размена на информации и навремено да се детектираат евентуалните проблеми во спроведувањето, односно следењето на акцискиот план на Стратегијата. Зависно од потребите, ќе се вклучуваат други институции, надворешни соработници и организации за придонес при прибирање на податоците и размена на информации релевантни за следење на напредокот на спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата, како и оценувањето на резултатите.

Врз основа на прибраните податоци ќе следи подготовка на Годишен извештај, каде ќе се даде пресек на спроведувањето на мерките и активностите од акцискиот план. Министерството за труд и социјална политика, нацртот на Годишниот извештај го доставува на разгледување и усвојување до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до февруари

наредната година, а ќе се однесува за статус на активности за претходната година.

Истовремено, НКТ по електронски пат ќе прибира податоци од граѓанските организации еднаш годишно во однос на напредокот во постигнувањето на планираните резултати кои ќе бидат земени предвид при подготовката на Годишниот извештај. По направената проценка и анализа, податоците ќе бидат интегрирани во годишниот извештај за спроведување на Стратегијата.

Генерално, процесот на следење, известување и оценување ќе ги вклучува сите органи на државната управа и други институции според приоритетните области, вклучување на лицата со попреченост, родителските организации, универзитетите, институтите и другите стручни организации и меѓународните организации и донаторската заедница.

Во насока на обезбедување транспарентност и инклузивност во процесот на следење и известување, МТСП и НКТ ќе остваруваат редовна соработка со сите засегнати страни. Годишните извештаи ќе бидат објавувани на веб страниците на МТСП и НКТ, а по потреба ќе се организираат јавни презентации за степенот на имплементацијата и постигнатите резултати. Истите ќе бидат отворени за сите заинтересирани страни (институциите надлежни за имплементација, крајните корисници, стручната и научната јавност, претставниците на граѓанското општество, стопанските комори, синдикатите и др.).

## 4.2. Постапка и динамика на известување и оценување

Бидејќи станува збор за мултисекторска стратегија, со голем број вклучени институции, но и голем интерес од јавноста, лицата со попреченост, нивните семејства и претставнички организации, од клучна важност е како се следи и известува за спроведувањето на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост.

Заради комплексноста на стратегијата, се предвидуваат две нивоа на известување и оценување:

| НИВО | ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ | ОЦЕНУВАЊЕ | ПЕРИОД |
|---|---|---|---|
| РЕЗУЛТАТ | Секој од вклучените органи поднесува извештај до МТСП, како носител на Стратегијата и НКТ, за постигнати резултати врз основа на Акцискиот план, во секоја од приоритетните области.<br><br>Се препорачува дигитализирање на процесот на прибирање податоци. | МТСП, во соработка со НКТ ги сумира податоците, го оценува напредокот и подготвува извештај којшто се доставува до Влада на РСМ.<br><br>Кратка, сумарна верзија на извештајот и се дава на увид на јавноста, преку веб-страниците на МТСП и НКТ. | Крај на секоја календарска година |
| ЕФЕКТ И ИСХОД | На ниво на општа и конкретни цели, Стратегијата дефинира 43 показатели.<br><br>За секој од нив е задолжена една институција, којашто ги прибира податоците и известува до МТСП, како носител на стратегијата и НКТ.<br><br>Показателите коишто се однесуваат на перцепциите на лицата со попреченост се прибираат преку анкета организирана од НКТ.<br><br>И во двата случаи, се препорачува дигитализирање на процесот на прибирање податоци. | МТСП, во соработка со НКТ ги сумира податоците, го оценува напредокот и подготвува извештај.<br><br>Врз основа на извештајот, МТСП и НКТ подготвуваат предлог-мерки за ревизија на Стратегијата и двата документи ги доставуваат до Влада на РСМ.<br><br>Кратка, сумарна верзија на извештајот и се дава на увид на јавноста, преку веб-страниците на МТСП и НКТ. Дополнително, НКТ јавно ги презентира резултатите, но и организира средби со лицата со попреченост, претставничките организации коишто учествуваа во подготовка на Стратегијата и останати заинтересирани организации. | Крај на 2023, 2026 и 2030 |



# 5. Управување со ризици



## 5.1. Утврдени ризици и мерки за справување со ризиците

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| НЕДОВОЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ | Голема | Средно | Зајакнување на улогата и капацитетите на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, за координација и следење на Стратегијата<br>Континуирано градење на капацитетите на членовите на НКТ за следење на Стратегијата<br>Воспоставување на систем за следење на Стратегијата<br>Јасна поделба на одговорности помеѓу институциите во спроведување и следење на Стратегијата, со јасни показатели на успешност, пред сè меѓу НКТ и МТСП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ГОЛЕМИ ОЧЕКУВАЊА ОД ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ ПРЕТСТАВНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ** | Голема | Мало | Одржување континуитет во вклучувањето и информирањето на лицата со попреченост и ОЛП коишто беа вклучени во подготовката на Стратегијата<br>Периодични средби на НКТ со лицата со попреченост и нивните претставнички организации за информирање за напредокот во спроведувањето на Стратегијата, како и дискутирање на предизвиците и можните решенија |
| **НЕДОВОЛНИ КАПАЦИТЕТИ И ПОСВЕТЕНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА** | Голема | Големо | Зајакнување на капацитетите на институциите за спроведување на Стратегијата<br>Зајакнување на капацитетите на институциите за правата на лицата со попреченост<br>Континуирано градење на капацитетите на членовите на НКТ за следење на Стратегијата<br>Вклучување на државните секретари/носители на одлуки од релевантните министерства во спроведувањето и следењето на Стратегијата<br>Поднесување годишен преглед на спроведувањето на Стратегијата до Владата на Република Северна Македонија, разгледување на постигнатите резултати и предизвиците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НЕДОВОЛНИ ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ | Голема | Големо | Интегрирање на активностите во годишните програми на релевантните институции<br><br>Иницирање на донаторска координација од страна на МТСП, НКТ и СЕП<br><br>Споделување информации за релевантни донаторски програми со институциите и организациите |

## 5.2. Начин на ревидирање на акцискиот план

Врз основа на планот за известување и оценување на Стратегијата (глава 4.2), предвидено е МТСП и НКТ да подготват анализа и предлог-мерки за ревизија на Стратегијата.

Заради намерата првите четири години од спроведувањето на Стратегијата да бидат ударни, Акцискиот план главно се фокусира на активности коишто ќе се спроведат во периодот 2023-2026 година. Иако се предвидени активности и за после тој период, сепак неопходно е до крајот на 2026 година да се направи пресек на спроведувањето на Стратегијата и да се подготви нов Акциски план за периодот 2027-2030 година, којшто ќе ги земе предвид постигнатите резултати и потребите во тој момент.

Заради намерата првите четири години од спроведувањето на Стратегијата да бидат ударни, Акцискиот план главно се фокусира на активности коишто ќе се спроведат во периодот 2023-2026 година.

Заради континуитет, се препорачува тој Акциски план да биде разработен со учество на НКТ и Оперативната група за подготовка на Стратегијата, засилени со други релевантни институции и организации.

На крајот од периодот на спроведување на стратегијата, во 2030 година, МТСП и НКТ ќе подготват анализа и извештај за спроведувањето на Стратегијата, со вклучување на сите релевантни чинители. Извештајот ќе биде презентиран до Владата на РСМ и ќе биде ставен на увид на јавноста, претставувајќи основа за следните политики за унапредување на правата на лицата со попреченост.



Издавач:
Германско Друштво за Меѓународна Соработка (ГИЗ)

Регистрирани канцеларии:
Бон и Ешборн, Германија.

Регионален проект:
Социјално вклучување на ранливите групи на Западен Балкан
Светлана Здравковска
Антоние Грубушиќ 5
1000 Скопје, Северна Македонија
T +389 23103560
E svetlana.zdravkovska@giz.de
www.giz.de/en

Автори:
Јелена Јаневска, Елена Кочоска, Наташа Станојковска-Трајковска

Дизајн:
Кома

Фотографии:
Арбнора Мемети
Фотографии https://gesellschaftsbilder.de/media/category/1

Во име на:
Федералното министерство за економска соработка и развој (БМЗ)

Дата:
Декември 2023 година